**УНИВЕРЗИТЕТ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**Институт по безбедност, одбрана и мир**

# МЕХАНИЗМИ НА СОРАБОТКА НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ВО ФУНКЦИЈА НА ЕФИКАСНО СПРАВУВАЊЕ СО ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

***(магистерски труд)***

**Ментор:** **Студент:**

**проф. д-р Оливер Бакрески** **Кристијан Михајловски**

**Скопје, 2019**

# СОДРЖИНА

**Вовед**.....................................................................................................**5**

**Прва глава: ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ КАКО БЕЗБЕДНОСНА ЗАКАНА** ......................................................................................................**12**

1.1. Историја на организиран криминал ........................................................ 12

1.2. Дефинирање на поимот организиран криминал во меѓународните правни акти 15

1.3. Дефинирање на поимот организиран криминал во Република С. Македонија......18

1.4. Етиологија на организираниот криминал ................................................ 21

1.5. Феноменологија на организираниот криминал ........................................ 25

1.6. Профилирање на организираниот криминал ............................................29

**Втора глава: СОСТОЈБАТА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН** .......................................................................**33**

2.1. Причини и појава на организираниот криминал во земјите од Западен Балкан......33

2.2. Најзастапени облици на организиран криминал во земјите од Западен Балкан .40

2.2.1. Корупција ....................................................................................40

2.2.2. Наркотици....................................................................................45

2.2.3. Трговија со луѓе ...........................................................................53

2.2.4. Перење пари.................................................................................60

2.2.5. Шверц со мигранти.......................................................................64

2.2.6. Оружје ........................................................................................67

**Трета глава: СПРАВУВАЊЕ СО ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ......................................................................70**

3.1. Потреба од соработка помеѓу државите..........................................................................70

3.2. Механизми на соработка за справување со организираниот криминал.....................71

3.3. Видови на соработка..........................................................................................................73

3.4. Значењето и улогата на безбедносните служби во успешно справување со организираниот криминал.........................................................................................................74

3.5. Последици од недоволната соработка на полето на сузбивање на организиран криминал..................................................................................................................................75

3.6. Меѓународна соработка на земјите од Западен Балкан ..........................................76

3.7. Начини за спречување на организиран криминал ................................................ 80

3.8. Стратешки пристап во борбата со транснационалниот организиран криминал .. 81

**Заклучок ........................................................................................................ 85**

**Користена литература ................................................................................ 88**

## Вовед

Земјите од Западен Балкан се изложени на перманентни закани. Овие закани како безбедносен проблем адаптираат на општествените промени и постојано еволуираат продуцирајќи нови аспекти на дејствување и нови форми и облици на манифестирање. Оттука, од безбедносните системи се бара поголемо внимание и фокусираност во насока на справување со предизвиците од безбедносен карактер. Предизвиците со кои се соочуваат државите имаат потенцијал да навлезат во сите пори на општественото живеење и како такви да предизвикаат несогледливи последици особено во остварувањето на човековите права, безбедноста, демократијата, владеење на правото итн.

Во најголем број случаи активностите на безбедносните системи ги преминуваат државните граници со што нивниот пристап бара одреден вид на соработка, затоа што заканите прераснуваат во транснационални. Во таа насока не се доволни само индивидуалните заложби на државите за борба против сите облици на закани, туку се јавува потребата од заеднички и сеопфатен пристап на билатерално, регионално и глобално ниво.

Балканот како регион во многу наврати се покажал како плодна почва за дејствување на разни форми на закани од тероризмот, до организираните криминални групи кои неретко меѓусебно соработуваат не познавајќи јазични и етнички бариери. Во таа насока во справувањето со заканите од организираниот криминал од големо значење ќе биде регионалната соработка, особено соработката на безбедносен план на државите од Балканот.

Сегментот прашања што по тој повод е анализиран во овој труд е во контекст на согледувањето на прашањата:

1) Содржина и основни карактеристики на безбедносните системи на Балканот;
2) Принципи на функционирање на безбедносните системи;
3) Облици на загрозување на безбедноста;

4) Невооружени облици на загрозување на безбедноста;
5) Комбинирани облици на загрозување на внатрешната безбедност на државите;
6) Функционалноста на безбедносните системи во справување со различни облици на закана;
7) Нови трендови на закани и ризици со кои ќе се соочуваат државите во иднина.

Анализата на системите за безбедност на земјите од Балканот е комплексен процес од причина што нивното функционирање е значаен сегмент во севкупното општествено делување и функционирање на државите. Во контекст на досегашните истражувања може да се нагласи дека евидентен е недостаток на литература во оваа област. Тоа значи дека ова истражување ќе биде во насока на анализирање на состојбите во оваа сфера и особено самата координација која е императив и предизвик за голем број држави од регионот во кој егзистира и нашата држава.

Поради сите овие елементи како и фактот што проблематиката е актуелна и е во корелација со последните настани, нејзината динамика секако дека заслужува соодветно внимание. Исто така мора да се истакне дека ова истражување ќе придонесе и да се осознаат состојбите и процесите во нивниот тоталитет за да се оформи целосната слика и претстава за системскиот и институционалниот пристап што го имаат државите во справување со безбедносните предизвици. Оттука и самиот пристап и поставените тези треба да дадат одговор на бројните прашања поврзани со безбедносните системи, пристапот и улогата на државата во справување со безбедносните закани и сите форми на манифестирање на моќ за загрозување на државата.

*Основен предмет на ова истражување* е поставеноста на системите за безбедност на балканските земји како и нивна меѓусебна соработка и пристапот во однос на заканите. Современите безбедносни системи се засноваат врз строга хиерархија на надлежностите и јасно дефинираните надлежности на соодветните органи со што не доаѓа до одредени ситуации на мешање што доведуваат до

неефикасност и хаотичност. Оттука се јавува потребата за строго разграничување на надлежностите и нивна контрола и ефикасност.

Организираниот криминал, тероризмот и други форми на закани претставуваат комплексна закана врз која влијаат низа фактори. Од таа причина прецизното разграничување на сите елементи и фактори е неопходен сегмент.

Поаѓајќи од предметното одредување овој магистерски труд подразбира појмовно и категоријално одредување на редица фундаментални основи на истражување. Заради тоа во истражувањето преовладуваат следните поими: координација, безбедносен сектор, безбедност, безбедносен систем, организиран криминал.

*Координација* се подведува како општ организационен процес, фундаментален за успешно и рационално функционирање на секоја организација. Координацијата за основна цел го има усогласувањето на повеќе компоненти и фактори во однапред замислено дејствување. Во исто време, таа ги елиминира можните пречки што искрснуваат во нејзината активност. Исто така, таа повеќе или помалку ги елиминира и разните конфликти што се појавуваат на разни нивоа во институцијата.

*Безбедноста* се дефинира како една од основните и највиталните функции што ги врши државата, бидејќи надворешната и внатрешната стабилност е основен предуслов и главен приоритет на земјата, односно таа се означува како отсуство на опасност и како состојба во која се наоѓаат правните субјекти, односно состојба на релативно присуство или отсуство од загрозувањето и/или спроведувањето на правните субјекти за кои е одговорна. За безбедноста можеме да зборуваме и како за тежнеење кон слободата од заканите односно дека нацијата е слободна во онаа мера во која таа не е доведена во опасност да ги жртвува своите клучни вредности. Дали тогаш можеме во современи услови за безбедноста да зборуваме како за процес на еманципација.

*Безбедносниот сектор* ги опфаќа сите оние државни институции, кои имаат формален мандат да ја осигурат безбедноста на државата и нејзините

граѓани против актите на насилство и принуда, како што се: вооружените сили, полицијата, жандармеријата и паравоените сили, разузнавачките и тајните служби, граничните и царинските служби, како и судските и казнените институции.[1]

*Безбедносниот систем* претставува сложен систем во кој се вклучени мноштво на субјекти со свои надлежности преку чии активности се создава амбиент во кој се остварува националната безбедност во државата.

*Организиран криминал* е вид на незаконска активност во која постои организациска структура слична на корпорација. Основна цел на организираниот криминал е стекнување на материјална корист и приходи.

Комплексноста на феноменот на заканите бара посеопфатен пристап како на државно така и на регионално ниво со посебен акцент на соработка на државите на полето на безбедноста. Во таа насока неопходна е подлабока анализа на безбедносните системи на балканските земји.

Оттука, *научната цел* на истражувањето се системите за безбедност и нивните активности во насока на справување со заканите во регионални рамки.

*Посебни цели* на истражувањето се следните:

1) да се утврди поставеноста на системите за безбедност на балканските земји;
2) да се одреди рамката во која постои можност за поинтензивна соработка помеѓу балканските земји на полето на безбедноста;
3) да се утврди нивото на влијанието на заканите од организиран криминал во регионални рамки;
4) да се увидат факторите кои придонесуваат за ширење на заканите од организиран криминал на Балканот;
5) да се предложат институционални канали на соработка на билатерално и регионално ниво во насока на справување со заканите;

[1] Види повеќе кај Бакрески, О. (2008). *Контрола на безбедносниот сектор,* Филозофски факултет:Скопје.

6) да се увиди досегашното ниво на соработка и ефектите од истата во третманот на одредени форми на закани од регионален карактер.

Врз основа на општиот пристап на проблемот за поставеноста на безбедносните системи на балканските земји и соработка во справување со безбедносните закани како и врз основа на веќе поставените цели на самото истражување поставена е следнава *општа или генерална хипотеза:*

Соодветната поставеност на системите за безбедност на балканските земји како и институционализирање на безбедносната соработка придонесува кон успешно справување со заканите особено во регионални рамки.

Покрај општата хипотеза поставени се и следните *посебни хипотези:*

*X1.* Развивање на соработката помеѓу безбедносните структури на државите од Југоисточна Европа ќе значи обезбедување на широка платформа за ефикасно решавање на безбедносните проблеми во регионот;

*X2.* Ефикасноста и функционалноста на безбедносните системи во земјите од Југоисточна Европа ќе биде подобра доколку надлежностите се координирано изведени од еден во друг државен орган и навремено споделени со државните органи од другите земји;

*X3.* Колку е поголемо правилното спроведување и координација на надлежните органи на државната власт со државните органи на другите земји во регионот, толку е зголемено и ефикасното функционирање на безбедносните системи;

*X4.* Правилно спроведени пропишани надлежности во соодветните акти, доведуваат до ефикасност на безбедносните сектори;

X5. Распределбата на надлежностите е зависна од доследното изведување на правата и обврските од Уставот на државата од највисоките до најниските нормативни акти, односно од највисоките до најниските државни органи.

Со истражувањето се опишани определени состојби и тенденции за безбедносните системи на балканските земји и нивната меѓусебна соработка во справување со заканите.

Од методолошка гледна точка ова истражување, имајќи ги во предвид целите има:

1. *експликативен карактер* - теориско истражување кое се однесува на причинско-функционалните детерминанти на институциите од безбедносниот сектор и состојбите со организираниот криминал на Балканот.
2. *дескриптивен карактер* - целта е да се даде поширок опис и разработка функционирањето на безбедносниот сектор во Република Македонија, како и значењето на меѓународната соработка на безбедносните системи на земјите од регионот.
3. *структурален карактер* - има за цел да го одреди составот на појавата преку меѓусебно влијание (врз ефикасноста на соработката на балканските земји и поставеноста на нивните безбедносни системи).

Имајќи ја во предвид комплексноста и повеќедимензионалноста на ова истражување, изборот на методите за анализа на добиените податоци е извршен според карактерот и целите на овој труд. За таа цел се применети следните методи:

1. *Метод на анализа на содржина.* Во прва фаза предмет на анализа се претставува содржината на стручна литература од областа на безбедноста, разузнавањето и контраразузнавањето, современите ризици и закани, од домашни и странски автори.
2. *Методот на компаративната анализа* се користи за компаративно согледување на искуствата на државите од Западен Балкан во делот на соработка во справување со потенцијалните закани.
3. *Методот на индукцијата и дедукцијата* е применет при донесувањето заклучоци и констатации за потребата од соработка на безбедносните системи во земјите од Балканот во насока на успешно справување со заканите.

4. *Методот на анализа и синтезата* најде своја примена кога се донесуваат заклучоци за општите тенденции во оваа сфера во делот на соработката.

Со примената на методолошката апаратура, сите активности формално-правно се опфатени и обработени низ законските и подзаконските прописи, извршени се измени и дополни на постојните прописи, и на крајот комплетно се усогласени со меѓународните конвенции и документи.

# Прва глава: ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ КАКО БЕЗБЕДНОСНА ЗАКАНА

*Организираниот криминал претставува сериозна безбедносна закана која ги засега големите светски актери кои го креираат светскиот мир, но и земјите во развој, земјите во транзиција. Во првата глава од магистерскиот труд претставена е теориската рамка на организираниот криминал. Дефиниран е поимот на организирам криминал (хронолошки анализиран) и елаборирани се различните видови на организиран криминал.*

## 1.1. Историја на организиран криминал

Обликот на организираниот криминал со кој безбедносните организации се соочуваат денес претставува конструкт на бројни криминални случувања од минатите криминални движења низ историјата. Токму затоа, за да се пристапи кон анализа на современите карактеристики на организираниот криминал, од големо значење е да се сознае од кога датира организираниот криминал, кои се причините за неговото појавување и како се развивал низ годините.

- **17-ти век**

Пиратите кои ги ограбувале и напаѓале трговските бродови во седумнаесеттиот век и кои презеле голема и обемна трговска мрежа на украдени добра може да се сметаат за најрани облици на организираниот криминал. Многу од овие активности и денес се поврзуваат со современиот организиран криминал како на пример со проституцијата, комарот, и други форми.[2]

---

[2] Кајзер,В. (1996). *Криминологија*. Факултет за безбедност:Скопје.

- **18-ти век**

Николоска објаснува дека во светската литература можат да се најдат стотици дефиниции за организираниот криминал од автори од различни провиниенции и различни подрачја. Меѓутоа, појавата на организираниот криминал датира од многу одамна. Првите организирани криминални групи постоеле уште во средниот век (во 18-ти век бандите ги напаѓале големите градови).[3] Криминални организации со широка акциона распространетост, нивното преминување од локални во национални, па и меѓународни размери, се врзуваат за монополизам и финансиска аристократија.

- **19-ти век**

Klaus со своето истражување за историските перспективи на организираниот криминал доаѓа до резултатот дека поголемиот дел од теоретичарите ги лоцираат почетоците на различниот американски стил на организиран криминал во урбаните центри во доцниот деветнаесетти век и раниот дваесетти век. Урбаните услови обезбедиле таков вид на средина во кој организираниот криминал можел да цвета. Раните форми на криминално организирање биле типично врзани со локалните области и поради високо сегрегатниот карактер на градот, тие имале значајни етнички димензии. Ирските околини, на пример довеле до пораст на уличните банки, а во Кинеските, Афро-американските, Италијанските и Еврејските области криминалните организации рефлектирале културни и економски услови на живеење.[4]

---

3 Николоска. С. (2007). *Криминалистичките карактеристики на економско - финансискиот, компјутерскиот криминал и криминалот поврзан со перење пари.* Факултет за безбедност:Скопје.

4 Klaus,L. (2013), ,,The Concept of Organized Crime in Historical Perspective", достапно на: http://people.freenet.de/kvlampe (12.07.2019)

- **20-ти век**

  Hislope објаснува дека почетоците пак на теоретскиот дискурс за организираниот криминал се од релативно нов датум. Во САД се развива во текот на шеесеттите години од минатиот век, додека во европските држави (Германија) во текот на осумдесеттите години.[5]

Имајќи ги во предвид криминалните дејствија низ вековите се доаѓа до јасна слика дека обликот на организираниот криминал денес се појавува како последица од криминалните дејствувања низ вековите, започнувајќи од 17-от век кога организираниот криминал е во една првобитна состојба, се до современото организирано криминално дејствување кое се процесира низ криминални групи, стратешки криминални планови и бројни криминални профили кои ја креираат криминалната слика.

[5] Hislope,R. (2006). "Corrupt Exchange in Divided Societies: The Invisible Politics of Stability in Macedonia", Department of Political Science, Union College, Paper prepared for the Southern Political Science Association 77th Annual Conference, January 5-7, p.31.

## 1.2. Дефинирање на поимот организиран криминал во меѓународните правни акти

Во светската литература можат да се најдат стотици дефиниции за организираниот криминал од автори од различни провиниенции и различни подрачја. Меѓутоа, појавата на организираниот криминал не датира од толку скоро.

Организирани криминални групи постоеле уште во средниот век (во 17- ти век бандите ги напаѓале големите градови). Криминални организации со широка акциона распространетост, нивното преминување од локални во национални, па и меѓународни размери, се врзуваат за монополизам и финансиска аристократија.[6]

Алан констатира дека од една страна, терминот може да се користи за означување на одделни видови на пософистицирани криминални активности вградени во една или друга форма, во сложени недозволени пазари. Недозволени трговии со оружје, дрога и трговија со луѓе, најчесто се поврзани со сетот на „овозможување на активности" како на пример (заканата од) насилство, корупција, и перење на пари.[7]

Во поглед на меѓународните правни акти, значајна дефиниција е дадена во *Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал* за организирана криминална група. Според оваа конвенција "организирана криминална група" е "составена од три или повеќе лица, која што егзистира одреден период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе сериозни казниви дела установени со ова Конвенција, заради остварување на директна или индиректна финансиска корист или друг вид материјална корист.

Во телата на Советот на Европа (СЕ) е прифатена следнава дефиниција, содржана во *Препораката Rec (2001) ll* на Комитетот на министрите од 2001

[6] Милутиновиќ, М. (1967). *Криминологија*. Београд издање:Београд.

[7] Alan, W. (2006). *Organised Crime*. Willan Publishing, Cullompton, Devon and Portland:OR.

година: Нелегални активности извршени од страна на структурирана група од три или повеќе лица која постои за подолг временски период и презема заедничка активност заради извршување на едно или повеќе сериозни-тешки дела, со цел за стекнување, непосредно или посредно, на финансиска или друга материјална корист. Како сериозни кривични дела, по дефиниција се третираат делата за кои е пропишана казна затвор од четири години или потешка казна. Може да забележиме речиси идентичност на оваа дефиниција со дефиницијата содржана во Конвенцијата од Палермо. Единствената разлика се состои во нејзината општост: дефиницијата на СЕ не е ограничена на казнени дела од транснационална природа.

Поаѓајќи од тоа дека поимот на организиран криминал е различно и, по правило, пошироко определен во националните казнено-правни системи, СЕ ги истакнува следниве изедначени критериуми од кои треба да поаѓаат државите-членки во неговото дефинирање, поделени во две категории: задолжителни и опциони. Како задолжителни критериуми се земени: [8]

- ✓ соработка на три или повеќе лица;
- ✓ дејствување на групата во подолг или недефиниран временски период;
- ✓ извршување на сериозни казнени дела; извршување казнени дела со цел за стекнување профит и/или моќ.

Веќе последниов критериум, со внесување на остварувањето моќ како цел на криминалните активности, значи исчекор во однос на Препораката која се ограничува на остварување финансиска или друга материјална корист. Како опциони критериуми се истакнати: [9]

- ✓ постоењето специфична задача или ролја на припадниците на групата;
- ✓ користење на некои форми на внатрешна дисциплина и контрола;

---

[8] Council of Europe Organised crime situation report.(2005) “Focus on the threat of economic crime” достапно на:http://www.stoppiratkopiering.dk/media/80733/rp.pdf (20.06.2019)

[9] Council of Europe Organised crime situation report.(2005) “Focus on the threat of economic crime” достапно на:http://www.stoppiratkopiering.dk/media/80733/rp.pdf (20.06.2019)

- ✓ користење насилство или други средства погодни за застрашување;
- ✓ вршење влијание врз политиката, медиумите, јавната администрација, полицијата и судството, или врз економијата со корупција или пак со други средства;
- ✓ користење на комерцијални или други бизнис-структури;
- ✓ ангажирање во перење пари;
- ✓ и дејствување на меѓународно рамниште.

Покрај задолжителните карактеристики, најмалку два опциони критериуми се нужни за да се смета активноста на криминалната група за организиран криминал. [10]

Имајќи ги во предвид наведените дефиниции од меѓународни автори и институции впишани во правни извори, се констатира дека појавата на меѓународно правни дефиниции не е случајна. Таа доаѓа како резултат на шаренилото на националните пристапи. Злосторничките здруженија, создадени според парадигмата на криминални претпријатија, стануваат сè поприсутни носители на особено опасни криминални активности не само на национално, туку и на меѓународно рамниште. Недозволената трговија со дрога, со оружје, со луѓе, криумчарењето, тероризмот, имотните дела од типот на разбојништво, уцена, изнуда итн., сè помалку се појавуваат како изолирана активност на поединци, а сè повеќе како добро испланирани и организирани активности на повеќе учесници, заемно поврзани со договор и со план за такви активности.

[10] Council of Europe Organised crime situation report.(2005) “Focus on the threat of economic crime” достапно на: http://www.stoppiratkopiering.dk/media/80733/rp.pdf (20.06.2019)

## 1.3. Дефинирање на поимот организиран криминал во Република Северна Македонија

Република Северна Македонија како земја во развој е особено ризична во поглед на нападите на криминалните групи кои се појавуваат како сторители на организиран криминал. Како земја во развој располага со ограничени ресурси кои можат да бидат искористени во насока на изградба на стабилен безбедносен систем кој навремено би можел да поттикне информација, координација и имплементација на безбедносни политики кои имаат за цел да ја сочуваат општата и колективната безбедност на државното тло.

Камбовски констатира дека организираниот криминал претставува извршување на кривични дела од страна на злосторнички здруженија заради остварување на профит и/или постигнување на моќ, со употреба на насилство, или со користење на посебната положба во општеството, со намалување на ризикот преку вклучување во легалните економски, политички и други активности, како и однапред направен систем за заштита од гонење.[11]

Оттука, поради исполнување на свои цели и интереси се загрозува безбедноста на други групи, институции. Не секогаш жртвите на организираниот криминал се обесштетени, ниту пак случаите се проследени до крај. Праксата говори дека голем број на криминални дела (идентификувани како организиран криминал) останале затаени, нерешени и без осудени сторители.

Ако се анализира организираниот криминал во поишироки рамки се доаѓа до сознанието дека под транснационален организиран криминал подразбира криминални групи кои имаат организатор (или организатори) во една држава, но поради обемот на криминалните активности делуваат во други држави. Мултинационалниот организиран криминал подразбира здружени криминални групи од поедини држави, така што нивното делување се одвива во поголем број држави. Најпосле, глобален организиран криминал ги подразбира сите појавни

[11] Камбовски, В. (1996).*Правна држава и организиран криминал*. Правен факултет: Скопје.

облици на групите на организираниот криминалите во светот.”[12] Иако во сите овие поими има определени разлики во нијанси, сепак суштински се работи за еден ист поим во различни варијации, при што организираните криминални групи делуваат во повеќе држави.

Арнаудовски истражува дека организираниот криминал е определен преку следниве елементи: трајна централизирана криминална организација, хиерархиска поставеност, внатрешна поделба на работите, планско и систематско занимавање со криминалитет, конспиративност и затвореност, внатрешна дисциплина, развиен систем на јатаци, висок степен на покорност и верност, инфилтрирање во државните и стопанските институции и политичките партии до создавање на ,,персонална унија“, со цел за воспоставување на монопол врз криминалната бранша, интернационализација и користење на современите средства на комуникација и мобилност.[13]

Габеров се надоврзува на овие резултати и констатира дека организираниот криминал суштествено се дефинира преку неговите карактеристики: пораст на рецидивизмот, пораст на професионализмот, специјализација на деликвентите, злоупотреба на техничките достигнувања, појава на нови кривични дела (перење пари, фалсификување на кредитни картички, рекет, педофилска порно индустрија, трговија со човечки органи), тајност на организирањето и делувањето, интернационализација, ослабената ефикасност на органите за кривично гонење и судот, пораст на материјалните трошоци за сузбивање на организираниот криминалитет, со што надлежните државни органи доаѓаат во инфериорна положба во однос на организираниот криминал, тежнение за стекнување економска и политичка моќ, трајна поврзаност на поголем број лица, планско спроведување на акциите врз основа на поделба на трудот, користење на разновидни облици на заплашување, како што се закана, уцена, присилна

[12] Котовчевски, М. (2005). *Облици на криминално делување на транснацоналниот криминал.* Филозофски факултет:Скопје.

[13] Арнаудовски, Љ. (2000). *Организиран криминалитет - феномен на денешницата,* МРКПК: Скопје.

заштита, тероризирање, поделба на остварената добивка, корупција на подобните деловни структури, влијание на средствата за јавно информирање, влијание на управата и правосудството, голема експанзија (натрупаниот нечист профит е погонска енергија за перманентни инвестиции по сите принципи на модерната економија, со што дејностите на организираниот криминал постојано се шират на нови подрачја во светот), голема "темна бројка".[14] Имајќи го тоа во предвид, за да се зголеми безбедноста во поглед на организираниот криминал од големо значење е не само да се следи движењето туку и комуникациските средства преку кои во голема мера се имплементира криминалниот план кој доколку на време не се сознае и пријави, ќе предизвика големи општествени штети.

[14] Габеров, М. (2012). *Транснационален организиран криминалитет-трендови и случувања*. Европски универзитет – Факултет за правни науки: Скопје.

## 1.4. Етиологија на организираниот криминал

Етиологијата на организираниот криминал ги набљудува условите и причините што доведуваат до појава и проширување на организираниот криминал.

Организираниот криминал се разгледува како национална безбедносна закана и во новите демократски држави како сериозен предизвик и закана за демократијата. Организираниот криминал претставува закана за непречено и целосно функционирање на демократијата за сите држави во светот, посебно изразено за земјите во развој и за сите посткомунистички земји во транзиција. Активностите на организираниот криминал можат да ја попречат и маргинализираат демократијата, да го парализираат функционирањето на легалните институции на власта, економски да ја исцрпат земјата, а со тоа да ја доведат во прашање независноста и суверенитетот на државата.[15] Авторот констатира дека поголемите нарушувања и загрозувања на внатрешната безбедност на државата во определени ситуации може да значи и губење на нејзината самостојност и сувереност.

Имајќи ги во предвид потенцијалните опасности во поглед на безбедноста на државите, од големо значење е да се спроведе детална анализа за корените на организираниот криминал, односно, да се добие јасна слика зошто сторителите имаат потреба од организиран криминал и кои се мотивите коишто ги поттикнуваат на овој вид на криминални дејствија кои од една страна директно засегаат општествени групи, а од друга страна директно засегаат и цели општества, особено општества кои се во транзиција и се развиваат.

Согласно Извештајот на центарот за истражување на демократијата Партнери во криминалот се појави зголемена интернационализација на

---

[15] Котовчевски,М. (2007). *Организираниот криминал-најсериозна закана за националната безбедност на Република Македонија и за нејзините евроатлански интеграции.* Министерство за одбрана на Република Македонија: Скопје.

активностите на организираниот криминал. Поврзаноста на организираниот криминал со бунтовите, етнонационалните конфликти и тероризмот се чини е многу пораширена отколку што беше пред неколку години. Поврзувањето произлегува од сé поагресивното и софистицирано финансирање или можеби промена на мотивациите на организираните криминални групи во мотивации кои се многу потесно поврзани со политички цели и стекнување со моќ отколку само со бизнис односно профит.[16]

McKinsey објаснува дека нестабилноста и конфликтите го одбележаа регионот од почетокот на 1990 година. Распадот на СФРЈ и војните што се водеа доведоа до зголемување на организираната криминална активност во Југоисточна Европа. [17]Потребата за финансирање на војната доведе до појавата на т.н ,,воена економија", за добивање на свои фондови од илегални активности, посебно од трговијата со дрога и оружје.

Мрежите и пазарите создадени во текот на војната останаа во функција и после завршувањето на војната, бидејќи се покажаа како многу профитабилни. По 1990 година, различни фактори влијаат врз зголемувањето на организираниот криминал како безбедносно-политички и дестабилизирачки фактор на општествата во транзиција. Регионални специфики. Голем дел од продуктивните економски капацитети беа уништени за време на војната или беа целосно запоставени во текот на 1990-те, губејќи ги на тој начин меѓународните пазари на кои порано имаа пласман. Во текот на ,,загубената деценија" големо внимание се посветуваше на трговијата со легални и нелегални производи, значително зголемувајќи ги трошоците на регионалната трговија. Зголемените удели во криумчарењето и трговијата го следеа истиот тренд, создавајќи плодна почва за организираниот криминал, кој се чини дека се претвори во клучен механизам за противзаконско прераспоредување на националното богатство во регионот.

---

[16] Центар на УН за спречување меѓународен криминал. (2019) "Организиран криминал и корупција", достапно на: http://www.uncjin.org/CICP/cicp.htm (22.07.2019)

[17] McKinsey, K. (1999) "Yugoslavia: NATO, US Pledge to Uphold Stability in Macedonia", Radio Free Europe/Radio Liberty, April 19.

Последиците од војните во Хрватска, Босна и Косово, како и колапсот на Албанија во 1997 година, значеше дека регионалното опкружување станува многу опасно за Македонија. [18]

Во услови каде што се водат скапи војни по секоја цена, трошоците не можат да бидат преку вистинска имплементација на националната економија, така што државите на територијата на поранешна Југославија го прифатија криминалот како извор на воспоставување и појава на партнерства во подземјето.

Криминалното дејствување засновано првенствено на етнонационална основа, особено дејствува во региони каде што државните институции се ранливи, економските извори се ограничени и меѓуетничките тензии се високи. [19]

Покрај полето на безбедноста, од големо значење е да се споменат и економските ризици при што големата стапка на невработеност, високите трошоци и сивата економија, во продолжение на магистерскиот труд се елаборираат како економски ризик фактори коишто влијаат на појавата и развојот на криминалот во државите.

Доволно е да се спомене само проблемот на ,,сивата економија" во која цути организираниот криминал и која не се намалува (според различни процени на економистите покрива простор од 50% од еконономскиот живот). Појавните облици на сивата економија создаваат услови за афирмација на корупцијата, шверцот и измамите.[20]

Милошевиќ истражува дека сивата економија станува системско прашање, но и прашање на системот. Последица е создавање на нова елита која својата егзистенција ја должи на сивата економија и корупцијата. Економската основа на организираниот криминал е засилена со два фактори-високата стапка на

[18] Котовчевски,М. (2007). *Организираниот криминал-најсериозна закана за националната безбедност на Република Македонија и за нејзините евроатлански интеграции.* Министерство за одбрана на Република Македонија: Скопје.
[19] Petkan, I. (2003) "Corruption, Contraband and Institutional Reform", PARI daily, 3 February.

[20] Камбовски, В. (2005). *Организиран криминал.* 2-ри Август:Скопје.

невработеност и огромниот удел на ,,сивата економија". ,,Сивата економија" генерира околу 40 и 50% од националниот приход на земјите од Југоисточна Европа. Просечната невработеност во овој регион е 21%.[21] Ова е огромен извор на луѓе за организираните криминални групи. Големата невработеност исто така, создава средина која е погодна за трговија со луѓе, која е една од најпрофитабилните илегални активности во Европа.

Ширењето на економскиот криминал придонесува за опстојување на црни и сиви сектори во националните економии во регионот. За многу земји овие сектори претставуваат 30 до 40 % од нивниот БДП. Според некои проценки, за земји како што е Турција, Албанија, Северна Македонија, Србија и Црна Гора, овој процент е уште поголем. Исто како и легалните пазари, црната и сивата економија се раководат според правилото на побарувачка и потрошувачка. Незаконската трговија кон Западна Европа го зголемува ризикот за безбедноста на целиот континент.[22] Согласно наведеното, етимологијата на организираниот криминал е сеопфатна и сложена. Корените на организираниот криминал датираат уште од многу одамна и се основаат на разновидни области и фактор-причини. Со нивно детално психолошко и криминално анализирање може да се дојде до релевантни начини како со искуството од минатото превентивно да се влијае на иднината.

---

[21] Milosevič,G. (2005). *Uzroci i pojavni oblici sive ekonomije u Srbiji,* Organizovani kriminalitet-stanje i mere zaštite: Beograd.

[22] Petkan, I. (2003) "Corruption, Contraband and Institutional Reform", PARI daily, 3 February.

## 1.5. Феноменологија на организираниот криминал

Феноменолошката димензија на организираниот криминал вклучува статика и динамика на организираниот криминал, како и нејзината типологија.

Организираниот криминал е многу комплексен феномен кој вклучува широк и разновиден спектар активности, како трговија со наркотични средства (една од доминантните криминални активности каде постои тесна поврзаност со државните органи, особено со оние кои издаваат дозволи со увоз на стоки, со царинските органи, поврзано со транспортните и шпедитерски организации, како и развиена трговска мрежа за пласирање и растурање на шверцуваните дроги); криумчарење со оружје-активност која носи извонредно голема заработувачка, трговија со луѓе, перење на парии незаконски трансфери на пари поврзани со терористички активности. Внатрешно политичките прашања поврзани со суверенитетот на државата, економската рецесија, санкциите против Југославија и војната во соседните земји негативно влијаеја на Република Македонија. Како и во другите земји во регионот, овие фактори им овозможија на организираните криминалци да работат и да се здобиваат со противправна заработувачка. Може да се забележи дека во Македонија, институтот запленување на имотот, кога станува збор за корист остварена со кривично дело, не се применува.[23] Свеста за постоењето на недостатоците во регулативата и уредувањето може да влијае позитивно во однос на идната превенција и сузбивањето на отворените можности за организирање на криминал.

Николовски доаѓа до резултатот дека главните економски криминални активности се измами во јавни набавки, предизвикување стечај, измами при приватизации и затајување на ДДВ. Во моментов не постојат детални процени за штетата причинета од овој вид на криминал по јавните приходи која би можела да се изрази во стотици милиони евра. Измамите при јавните набавки често се вршат

[23] Хислоп, Р. (2002).*Затишје пред бура*. ФИООМ:Скопје.

откако ќе биде избрана најповолната понуда преку менување на договорот при што се зголемува цената на првичната понуда.[24]

Забележани се и измами на банки при што се одобруваат грантови и кредити врз основа на фалсификувани документи. Фалсификувањето на званични и административни документи најчесто се користи за здобивање со имот на нелегален начин, добивање на дозволи за увоз на стоки под повластени услови и др.




*Графикон 1: Главни економски криминални активности*

Затајувањето на ДДВ и фалсификувањето на легална стока се исто така чини дека посочени како проблем, при што фалсификувањето опаѓа, додека затајувањето се е во пораст. Во однос на пиратеријата и фалсификувањето на легални производи, властите имаат евидентирано производство, дистрибуција, продажба и изнајмување на порнографија, филмови и компјутерски производи. Неодамнешните акции против овој вид криминал резултираа со растурање на криминална група за производство на овој вид производи и запленување на опремата и снимениот материјал.[25]

[24] Николовски,М. (2008). *Поврзаноста и влијанието на организираниот криминал, тероризмот и политиката*. Факултет за безбедност:Скопје.

[25] Стајич, Љ. (2003). *Основи безбедности,* Полициска академија:Београд.




*Графикон 2: Затајување наспроти фалсификување во организираниот криминал*

Постојат исто така случаи на фалсификување на прехрамбени производи, безалкохолни и алкохолни пијалоци и други производи за потрошувачка наменети за домашниот пазар. Неодамнешните напори за спроведување на законот беа успешно усмерени кон овој вид на криминал.

Покрај ефикасното прикривање на нелегалните активности, формирањето или користењето на таква структура-со основање ново трговско друштво, купување акции или преземање на некое постојно, што, патем, во Република Македонија масовно се практикуваше, а се практикува и денес поради слабата законска регулатива, е исклучително погодно за обезбедување на формална логистичка поддршка на нелегалните активности, овозможување на перење пари, лесна комуникација со државните структури, учество во јавни набавки и тендери, развивање на дополнителни економски и други активности и контрола на пазарот. Како посебно атрактивни се појавуваат секторите на производство и услуги што носат високи профити, како што е градежништвото, прометот со недвижности, осигурувањето, банките, транспортот, трговијата и преработката на нафта и на деривати, увозот-извозот, итн. Меѓу другото, оваа форма на дејствување овозможува остварување огромни профити со мултиплицирање на криминалните приноси вложени како основачки капитал во компаниите.[26] Сублимирано, секоја

[26] Николовски,М. (2008). *Поврзаноста и влијанието на организираниот криминал, тероризмот и политиката*. Факултет за безбедност:Скопје.

од наведените форми е со своја тежина и има конкретни последици во поглед на безбедноста. Затоа, неопходно е да се поседуваат безбедносни стратешки пристапи за сузбивање на секој облик на организиран криминал.

## 1.6. Профилирање на организираниот криминал

Организираните криминални групи се разликуваат по нивното потекло, големина, област на специјалност и некој други параметри, создаваат многу флексибилни, комплексни меѓународни односи и се повеќе се чини дека ги мешаат активностите со мал ризик, со оние со голем ризик. Организираниот криминал во голема мера е невидлив и е многу често поврзан со легитимниот бизнис.

Криминалните организации по природа се насилни. Платените убиства се извршуваат за отстранување конкуренти и пречки во криминалниот бизнис, како и обвинители и судии. Криминалното насилство е фронтален напад на законот и создава повисоки нивоа на насилство во општеството.[27] Примената на насилство или закана е начин на кој организираните криминални групи ја зачувуваат доминантната, монополска положба на пазарот на криминални услуги, а насилството е најчесто насочено кон конкурентните групи, кон сведоците или кон полицијата и другите служби чијашто функција е спречување на организираните криминални активности.

Сепак, во последните неколку години е забележлива промената на тактиката на криминално дејствување со избегнување на отворена конфронтација и насилство, и примена на други методи, како што е корупцијата и злоупотребата на положбата и влијанието.

Согласно тоа може да се констатира дека профилот на криминалните групи е изразито насилен, во исто време тие се добро организирани, користејќи криминални стратегии кои долго и професионално се развиени, поради што заканите во поглед на безбедноста се очигледни и тоа лошо влијае на општествената безбедност.

---

[27] Арнаудовски, Љ. (2000). *Организиран криминалитет - феномен на денешницата,* МРКПК: Скопје.

Во современата ера на глобализацијата, карактеристиките на организираниот криминал се менуваат и поради фактот што неговите припадници ги следат новите текови во современите општества и во континуитет ги менуваат појавните облици и подрачјата на дејствување.

Нивната структура сè повеќе станува лабава - наместо цврсти организирани структури од традиционалниот хиерархиски тип, сè почесто е дејствувањето на „вмрежени структури“, наместо имотна корист, сè поголем е интересот за влијание врз економијата, политиката, медиумите, јавната администрација, судството. Во деловниот/трансакциски организиран криминал, организираните криминални структури се организирани по пример на мултинационалните компании од приватниот сектор, имаат апликација на мрежната поврзаност, рамна хиерархија и организираност во мали работни групи (парови или поединци), со помош на кои се приспособуваат многу побрзо и многу поефикасно од структурите на моделот на националниот организиран криминал.

Сите овие карактеристики го разликуваат традиционалниот тип организиран криминал во однос на другите криминални организации, групи и мрежи, карактеристични за новиот милениум и особено за организираниот криминал од европски тип, за кои не е карактеристична хиерархиската структура, што значи постои тенденција кон хоризонтална организациска структура, што имплицира лабав стил на раководење со многу послаба дисциплина меѓу припадниците на помалите и пофлексибилни криминални групи.

Традиционално/националните организираните криминални синдикати имаат потреба од државата и од глобалниот економски систем. Тие се стремат кон здобивање владини договори и зависат од меѓународниот финансиски систем за да ја одржат својата вредност и на тој начин да го одржат своето богатство. Овие организирани криминални групи имаат малку заедничко со новите транснационални криминални групи коишто потекнуваат од постконфликтни ситуации каде што цвета хаосот. Одредени криминални групи на државите-наследници на Руската федерација одговараат на моделот на новите транснационални криминалци коишто не поседуваат ниту големи ресурси ниту,

пак, лојалност кон државата. Нивните услуги им се достапни на оној кој најмногу ќе понуди. Овие нови криминални групи имаат различен начин на пресметка на ризикот во споредба со мрежите што дејствуваат во изградени општества каде што силите за спроведување на законот функционираат подобро и поврзаноста со терористите го зголемува ризикот на попречување профитабилни дејства и влијае на засилување на дејствата.

Интензитетот на влијанието на сите потенцирани фактори зависи и од мноштво други придружни појави, како на национален, така и на глобален план. Во определен општествен и меѓународен амбиент, кога поинтензивно ќе се манифестираат поголем број криминогени фактори, аналогно на тоа, правопропорционално ќе се зголемуваат /ќе се мултиплицираат/ и основните предуслови за позабрзано настанување, организирање и дејствување на транснационалниот организиран криминал на сите нивоа и на сите континенти. Транснационалниот организиран криминал во новиот меѓународен амбиент сè почесто и поуспешно ги „елиминира“ националните државни граници и станува една од најсериозните современи глобални безбедносни закани[28].

Со своите широко распространети моќни структури, посебно во „слабите држави“, транснационалниот организиран криминал, во голема мера, ги загрозува економските, политичките, правните, социјалните, културните, моралните и другите значајни витални општествени вредности. Но опасноста е уште поголема во сферата на националната, регионалната и на глобалната безбедност бидејќи транснационалниот организиран криминал денес станува сè позначен фактор и сериозна закана за безбедноста на сите нивоа (во национални, регионални и во глобални рамки).

[28] Митко Котовчевски, Облици на криминално дејствување на транснационалниот организиран криминал, во Зборник на трудови, *Глобализација, мирот и безбедноста*, Тони Милески (уред), Министерство за одбрана и Филозофски факултет, Скопје, 2008.

На основа на природата на овие групи, тие нанесуваат големи штети во современото општество и предизвикуваат страв кај населението кое не се чувствува безбедно на територијата во која живее и работи. За таа цел, од безбедносните структури се бара покажување на сила и искористување на капацитетите и безбедносните служби за сузбивање на криминалните планови и превенција на криминалните идеи и стратегии кои нанесуваат штета во општеството.

Од друга страна, со поврзување и меѓуресорска соработка помеѓу безбедносните организации во Македонија се создадени техники за откривање на овие групи и разузнавање на нивните криминални намери со што се задоволуваат безбедносните потреби на населението.

Дополнително, со преземање на странските искуства во однос на тоа како тие се соочуваат со организираниот криминал, Република Македонија како земја во развој ги користи искуствата и успешно ги имплементира во безбедносните политики на земјата, со цел успешна борба против организираниот криминал.

# Втора глава: СОСТОЈБАТА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

*Земјите од Западен Балкан долги години назад се соочуваат со разновидни потешкотии во борбата да се соочат со организираниот криминал. Имено, поради бројни економски, социјални и пред се политичка нестабилност земјите се соочуваат со бариери кои е тешко да ги надминат. Во оваа глава од магистерскиот труд анализирани се причините за појава на организираниот криминал во земјите од Западен Балкан и најзастапените облици на организиран криминал на овие територии.*

## *2.1. Причини и појава на организираниот криминал во земјите од Западен Балкан*

Сериозниот и организиран криминал е се подинамичен и се посложен феномен кој бара силен, одговор од страна на системите за разузнавање предводени од ЕУ. Додека традиционалните облици на криминалот, како што е на пример, меѓународната трговија со дрога остануваат главна причина за загриженост, ефектите од глобализацијата во општествата и бизнисот го олеснуваат појавувањето на  нови варијации во криминалните активности. Криминалните мрежи ги експлоатираат законските празнини, интернетот и условите поврзани со економската криза за да генерираат нелегални профити со низок ризик, на пример, и сето тоа се поврзува со организираниот криминал.[29]

Организираниот криминал претставува закана за непречено и целосно функционирање на демократијата за сите држави во светот, посебно изразено заземјите во развој и за сите посткомунистички земји во транзиција. Активностите на организираниот криминал можат да ја попречат и маргинализираат

[29] EUROPOL. (2016) “Serious and orginised crime theat assestment” достапно на: https://www.europol.europa.eu/activities-services/main-reports/serious-and-organised-crime-threat-assessment (20.06.2019)

демократијата, да го парализираат функционирањето на легалните институции на власта, економски да ја исцрпат земјата, а со тоа да ја доведат во прашање независноста и суверенитетот на државата. Поголемите нарушувања и загрозувања на внатрешната безбедност на државата во определени ситуации може да значи и губење на нејзината самостојност и сувереност.[30]

Во последниве неколку години се појави зголемена интернационализација на активностите на организираниот криминал. Поврзаноста на организираниот криминал со бунтовите, етнонационалните конфликти и тероризмот се чини е многу пораширена отколку што беше пред неколку години. Поврзувањето произлегува од сé поагресивното и софистицирано финансирање или можеби промена на мотивациите на организираните криминални групи во мотивации кои се многу потесно поврзани со политички цели и стекнување со моќ отколку само со бизнис односно профит.

Нестабилноста и конфликтите го одбележаа регионот од почетокот на 1990година. Распадот на СФРЈ и војните што се водеа доведоа до зголемување на организираната криминална активност во Југоисточна Европа. Потребата за финансирање на војната доведе до појавата на т.н ,,воена економија", за добивање на свои фондови од илегални активности, посебно од трговијата со дрога и оружје.

Мрежите и пазарите создадени во текот на војната останаа во функција и после завршувањето на војната, бидејќи се покажаа како многу профитабилни. По 1990 година, различни фактори влијаат врз зголемувањето на организираниот криминал како безбедносно-политички и дестабилизирачки фактор на општествата во транзиција. Регионални специфики. Голем дел од продуктивните економски капацитети беа уништени за време на војната или беа целосно запоставени во текот на 1990-те, губејќи ги на тој начин меѓународните пазари на кои порано имаа пласман.

[30] Бакрески,О. (2003) *Контрола на безбедносниот сектор,* Филозофски факултет,Скопје.

Во текот на „загубената деценија" големо внимание се посветуваше на трговијата со легални и нелегални производи, значително зголемувајќи ги трошоците на регионалната трговија. Зголемените удели во криумчарењето и трговијата го следеа истиот тренд, создавајќи плодна почва за организираниот криминал, кој се чини дека се претвори во клучен механизам за противзаконско прераспоредување на националното богатство во регионот.[31]

Всушност, целиот регион може да се каже дека се затвори во 'корупциска криза", која е обележана со неочекуван прилив на илегални ресурси, организирани криминални групи и општа социјална дислокација предизвикана од војните, државниот колапс и економските санкции.[32]

- *Анархијата во Албанија.* Со отворањето на оваа херметичка затворена држава после падот на комунизмот, клептократската елита којашто тајно ги присвои средствата на државата буквално ја презеде власта. Сепак, нивното владеење беше со слаб здив, бидејќи крахот на шемата на пирамидалните штедилници во 1997 година ја втурна Албанија во хаосот на безвластието и војните меѓу ривалските кланови. Во овој период, полициските и воените арсенали беа масовно ограбувани.
- *Војната во Југославија.* За време на постоењето на Југославија, 75% од хероинот чијашто дестинација беше Западна Европа, минуваше низ Србија, Хрватска и низ Словенија. Со борбите во Хрватска, а подоцна и во Босна, оваа маршрута стана непроодна. Алтернатива беше маршрутата Бугарија-Романија-Словачка-Чешка, нопоради засилените напори за нејзино спречување во Средна Европа, таа беше премногу ризична. Како последица на тоа, 'цевководот" за дотур на дрога беше пренасочен преку територии

31 Котовчевски,М. (2007). *Организираниот криминал-најсериозна закана за националната безбедност на Република Македонија и за нејзините евроатлански интеграции.* Министерство за одбрана на Република Македонија: Скопје.

32 Hislope,R. (2006). "Corrupt Exchange in Divided Societies: The Invisible Politics of Stability in Macedonia", Department of Political Science, Union College, Paper prepared for the Southern Political Science Association 77th Annual Conference, January 5-7, p.31.

населени со Албанци во граничните области на Македонија, Јужна Србија и на Косово.[33]

Оваа гранична зона на нарко-трговијата е токму онаа преку која крстосуваа албанските паравојски за го прошират конфликтот во Јужна Србија и во Македонија. Така, се појавуваат силни, добро финансирани криминални структури водени од страна на партиите кои имаат интереси од исходот на некој конфликт. Ова може да вклучи, интерес во одоговлекувањето на некој конфликт или експлоатирањето на тензиите со цел да се зголеми профитот. Во услови каде што се водат скапи војни по секоја цена, трошоците не можат да бидат преку вистинска имплементација на националната економија, така што државите на територијата на поранешна Југославија го прифатија криминалот како извор на воспоставување и појава на партнерства во подземјето.

Криминалното дејствување засновано првенствено на етнонационална основа, особено дејствува во региони каде што државните институции се ранливи, економските извори се ограничени и меѓуетничките тензии се високи. Бизнисот со прекршување на санкциите. Наметнатите меѓународни санкции на Југославија во 1992 година придонесоа за појава на криумчарски активности. Селата населени со Албанци во пограничните области на Македонија, Косово и во Јужна Србија станаа зони на беззаконие каде што се шверцуваа најразлични стоки.

Во 1993 година Југославија беше исклучена од членството во Интерпол, со што се намалија капацитетите на српската полиција за надзор и за спречување на криминалот. Впрочем, тимот на ЕУ122 поставен да ја набљудува границата пресмета дека од Македонија кон Србија патуваа во просек 1.000 камиони неделно. Овие шверцерски операции немаше да бидат можни без македонските соучесници во рамките на државата. Токму во таа поврзаност се гледа симбиозата на албанскиот соц-криминалитет и корумпираноста на македонската држава. На организираните криминални групи им беше потребно одобрение од луѓе од власта

33 The London Times. (1999). "Albanian Drug Barons Find Their Way Around the War", The Guardian, London, November 1, 1994; "Kosovo is Mafia’s heroin gateway to West", The London Times, July 24.

за да можат да осигурат безбедно минување на своите стоки и испорака на услугите за својата клиентела. Министерството за внатрешни работи признава дека меѓу оние кои се најподложни на корупција во државата се вработените во царинските служби, полицијата, здравството и во даночната служба.[34]

Истражувањата на феноменологијата и на етиологијата на организираниот криминал не може да се потпре ниту на официјални финансиски и други показатели, кои може да се земат како варијабли што може во вкрстени истражувања да се анализираат како важни индикатори за состојбите на организираниот криминал. Доволно е да се спомене само проблемот на ,,сивата економија" во која цути организираниот криминал и која не се намалува (според различни процени на економистите покрива простор од 50% од еконономскиот живот). Појавните облици на сивата економија создаваат услови за афирмација на корупцијата, шверцот и измамите.[35]

Сивата економија станува системско прашање, но и прашање на системот. Последица е создавање на нова елита која својата егзистенција ја должи на сивата економија и корупцијата.[36]

Економската основа на организираниот криминал е засилена со два фактори-високата стапка на невработеност и огромниот удел на ,,сивата економија". ,,Сивата економија" генерира околу 40 и 50% од националниот приход на земјите од Југоисточна Европа. Просечната невработеност во овој регион е 21%.[37]

---

34 Unated Nations Development Programe (2000). United Nations Development Programme, "Early Warning Report", Report No.2, November.

35 Unated Nations Development Programe (2000). United Nations Development Programme, "Early Warning Report", Report No.2, November.
36 Milosevič,G. (2005). *Uzroci i pojavni oblici sive ekonomije u Srbiji,* Organizovani kriminalitet-stanje i mere zaštite: Beograd.

37 Petkan, I. (2003) "Corruption, Contraband and Institutional Reform", PARI daily, 3 February.

Ова е огромен извор на луѓе за организираните криминални групи. Големата невработеност исто така, создава средина која е погодна за трговија со луѓе, која е една од најпрофитабилните илегални активности во Европа.

Ширењето на економскиот криминал придонесува за опстојување на црни и сиви сектори во националните економии во регионот. За многу земји овие сектори претставуваат 30 до 40 % од нивниот БНД. Според некои проценки, за земји како што е Турција, Албанија, Македонија, Србија и Црна Гора, овој процент е уште поголем.

Исто како и легалните пазари, црната и сивата економија се раководат според правилото на побарувачка и потрошувачка. Незаконската трговија кон Западна Европа го зголемува ризикот за безбедноста на целиот континент.[38] Голема улога за организираниот криминал во земјите од Западен Балкан може да имаат и цариниците.

Цариниците во земјите се вмешани во криминални партнерства со бизнисмени, подземјето и нивните бизниси, комерцијални структури со матни активности, транспортери и поедини увозници. Ова се трајни партнерства преку кои цариниците се здобиваат со провизија за ,,поединечни услуги" и постојани придобивки од операциите при увоз. Во некои случаи цариниците потпаѓаат под притисок на локалните и централните претставници на власта, владејачки групи и криминални организации. Главниот потенцијален безбедносен ризик произлегува од социо-економската несигурност и невработеност, високото ниво на корупција во политичките и економските системи, ниското ниво на доверба во полицијата и правниот систем, ограничен капацитет за ефективно примање меѓународна помош како и од организиран криминал, кој што е поврзан со недостаток во спроведувањето на законот, погранична контрола, и царината: шверц, трговија со дрога, трговија со луѓе и други активности.[39]

---

38 Ibidem,

39 Moustakis,F. (2004). "Soft Security Threats in the New Europe: The Case of the Balkan Region", European Security, Taylor & Francis, 2004. pp. 149-150.

Основата на правната држава ја сочинуваат индивидуалните слободи и права и заедничките функции на живот што се нужни за нивната заштита, остварување и развивање. Овие добра се повеќекратно загрозени со облиците на организиран криминал што предизвикуваат парализа на заштитните механизми. Од друга страна, организираниот криминал ги поткопува самите демократски основи на правната држава.

Со својата прикриеност и континуирано дејствување, а особено со системот на заштита што им обезбедува фактички имунитет на извршителите, тој претставува директна закана за институциите на системот, промовирајќи свој сопствен, паралелен систем на односи, правила и контрола, недопирлив, особено за демократската контрола на јавноста.[40]

Поради способноста на организираните криминални групи да продираат во законското општество многу лесно и нивната подготвеност да ги игнорираат националните граници, тие претставуваат закана за националната безбедност. Заканата за националната безбедност е директно поврзана со ранливоста на секоја држава. Кога државата е сфатена како слаба, заканата е поголема.

[40] Камбовски, В. (2005). *Организиран криминал*. 2-ри Август:Скопје

## *2.2. Најзастапени облици на организиран криминал во земјите од Западен Балкан*

Македонското општество, како и другите земји од Западен Балкан, во последните десетина години особено е засегнато од неколку, најзастапени облици на организиран криминал, сведени на корупција, дроги, проституција, трговија со луѓе, перење на пари, пренесување на мигранти и криминални дела поврзани со оружје.

Секое од наведените дела оддава последици карактеристични за делото, додека на општо ниво секое од овие дела влијае на безбедноста на граѓаните како оштетени при кривичните дела на територијата на Република Северна Македонија и земјите од Западен Балкан. Заедничко за сите кривични дела е тоа што се организирани, односно, станува збор за кривични дела кои спаѓаат во групата кривични дела организиран криминал зад кој стојат институции, криминални групи и стратешки криминални планови.

Токму поради основата на криминалната организираност, овие облици на организиран криминал е сложено и динамично да се откријат, сузбијат и да се обезбеди соодветна заштита за граѓаните на државата кои колку е поголема стапката на криминал, толку повеќе стравуваат дека живеат во општество коешто не е безбедно во својата структура.

### *2.2.1. Корупција*

Корупцијата се смета за клучна карактеристика на организираниот криминал. И покрај постоењето официјална дефиниција на меѓународно ниво, која ги дефинира и „организираниот криминал“ и „корупцијата“, сепак истата претставува предизвик бидејќи правната дефиниција и културната перцепција се различни во одделни земји.

Општо прифатено е дека не постои сеопфатна и универзална дефиниција на корупцијата. Корупцијата претставува феномен кој еволуирал во текот на

човековата историја и постојано е под влијание од политички, социјален и културен контекст. Дискусиите за дефиницијата за корупција, од морална и етичка дискусија, еволуирала во строга правна дефиниција заснована на криминални активности, или во поширок контекст кој ја дефинира корупцијата како злоупотреба на моќта за приватна корист.[41]

Концептот на организиран криминал содржи широк опсег на нелегални активности и криминални структури, со што се отежнува постигнувањето консензус за универзално прифатлива дефиниција. Канцеларијата на Обединети нации за дрога и криминал промовира широко сеопфатна дефиниција за организираниот криминал која организираниот криминал го дефинира како „структурирани групи кои вршат сериозни кривични дела за профит". Затоа, една можна работна дефиниција би го комбинирала традиционалниот концепт за „организиран криминал" (на пр. криумчарење дрога, оружје, луѓе, украдени возила или заштитени видови) и „бел криминал" (на пр. финансиски и даночен криминал, измами на недвижен имот, проневера).[42]

Најмногу користената дефиниција, корупцијата ја опишува како суштинска карактеристика на организираниот криминал, со што директно или индиректно ја поврзува корупцијата со криминалните групи. Експертите, генерално, прифаќаат дека криминалните организации споделуваат неколку карактеристики: тие се организирани групи; вршат кривични дела за приватна корист, користејќи насилство, нелегални активности и корупција; ги перат парите и профитот со помош на легални економски активности.

Еден од важните аспекти за објаснување на врските помеѓу корупцијата и организираниот криминал вклучува одредување на мерата до која двете кривични дела се меѓусебно поврзани. Пресметувањето колку често и каде организираниот

[41] Rothstein,R. (2014). *Criminal justice policy,* Economic Policy Institute, Washington.

[42]CID. (2010). Criminal Investigation Department (CID), достапно на: athttp://www.rcips.ky/portal/page/portal/polhome/theorganisation/specialist/criminalinvestigationdepartment (22.06.2019)

криминал користи корупција е важно и според некои истражувања, тоа претставува предизвик, а за други дури и е невозможно да се одреди и покрај недостатокот на универзално прифатено мерење на овие два концепти, направени се повеќекратни обиди за нивно мерење.

Значајно е да се наведе дека постојат различни аспекти за мерење на корупцијата, како што е прашањето колку често се појавува, видовите, трошоците и ефектите, факторите кои придонесуваат, или перцепцијата на корупцијата. Методите, кои се користат за мерење на корупцијата, вклучуваат окус-групи, студии на случај и теренско набљудување, како и спроведување анкети, канцелариски преглед и процена на институциите, одредбите и практиките.[43]

Иако постои скромно емпириско истражување кое се фокусира на врската помеѓу организираниот криминал и корупцијата, многу докази укажуваат на поврзаност помеѓу членови на организирани криминални групи и корумпирани службеници на сите владини нивоа. Со помош на корупција, криминалците може да се здобијат со заштита од службените лица да влијаат на политички одлуки и да се инфилтрираат во државните структури и легитимните бизниси.

Една од потешкотиите за следење на организираниот криминал и неговите врски со корупција е „чадор-концептот на организираниот криминал“ и многуте форми на организираниот криминал, како што се дрогата, трговијата со луѓе, тероризмот, корупцијата, даночните измами, кражбата.[44] Оттука, покрај потешкотиите лесно да се поврзе корупцијата со организираниот криминал, повеќето дефиниции ја определуваат корупцијата како клучна карактеристика на начинот на функционирање на организираниот криминал. Исто така, криминалните организации најчесто споделуваат заедннички карактеристики - тие

43 СЕЛДИ. (2014). Регионална мрежа за антикорупција Archives – IDSCS. Достапно на:http://idscs.org.mk/mk/2017/08/21/%D0%B0%D0%BD%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%BE%D1%80%D1%83%D0%BF%D1%86%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B1%D0%B8%D0%BB%D1%82%D0%B5%D0%BD-%D0%B1%D1%80-36-%D0%B7%D0%B0-%D0%B0%D0%BA%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%BE%D1%81/ (19.07.2019)

44 Paoli,L. (2002). “The paradoxes of organized crime”, Crime, Law and Social Change, Vol. 37, No.1,pp.51-97

оперираат како постојана структурирана група, извршуваат тешки кривични дела за профит, користат екстремно насилство и корупција како начин на нивно функционирање и здобиената нелегална корист ја внесуваат во легалната економија.

Пример за таквата дефиниција е „криминални активности за материјална корист на групите кои вршат екстремно насилство, корупција на јавните службеници вклучително и корупција на полицијата и судиите, дејствија во легитимната економија (на пр. преку рекетирање и перење пари) и навлегување во политичките процеси“. Со оглед на таинствената природа на корупцијата и организираниот криминал, постои ограничување во капацитетите за производство на податоци за степенот на корупција кој се препишува на организираниот криминал.[45]

Сепак, посредните докази укажуваат дека постојат чести врски помеѓу организираниот криминал, политиката и јавниот сектор, кои во исклучителни случаи ја зацврстуваат врската помеѓу државата и криминалните организации.[46]

На криминалните организации им се потребни легитимни државни структури за да ги одржат и прошират нивните активности. Оттука, постојат неколку видови случаи и примери кои укажуваат на силни врски помеѓу организираниот криминал и корупцијата во јавниот сектор, при што криминалните мрежи силно се потпираат на корупцијата со цел да обезбедат циркулација на незаконските добра, да го олеснат перењето пари и да ја минимализираат опасноста за успешно обвинение (судско гонење).[47]

Центарот на ОН за спречување на меѓународниот криминал опишува пет различни нивоа на однос помеѓу организираниот криминал и корупцијата.

45 U4 Експертски одговор (2008). Организиран криминал и корупција. Transparency International.

46U4 Експертски одговор (2008). Организиран криминал и корупција. Transparency International.

47 Исто

- *1 ниво: Поткуп*
- *2 ниво: Последователно поткупување („на платен список“)*
- *3 ниво: Инфилтрација во органи на државната управа*
- *4 ниво: Инфилтрирање во владата (повисоко ниво)*
- *5 ниво: Инфилтрација во политичката арена*

Годишните статистички податоци за 2013 г. на Министерството за внатрешни работи на Македонија укажуваат на 25 класични случаи на корупција и криминал, а кривично пријавени има 57 лица. Извештајот на МВР од 2014 година за видот на организиран криминал и корупција во 2013 година посочува дека за време на тој период откриени се 32 случаи на злоупотреба на службена положба и овластување со коруптивни елементи, а пријавени се 55 лица, од кои 11 полициски службеници, осум царински службеници, 12 директори, тројца членови на комисија, двајца поранешни градоначалници и други одговорни и службени лица. Материјалната штета причинета со овие случаи се проценува на околу 256 милиони денари.[48]

Од овие случаи, 13 случаи се однесуваат на корупција од висок профил, а пријавени се 24 лица вработени во јавни претпријатија и други државни институции кои злоупотребувајќи ги своите овластувања во работата вршеле разни инкриминации (злоупотреба на тендерска постапка, склучување штетни договори, злоупотреба на субвенции и сл.).[49]

---

48 МВР. (2014) “Извештај за типични дела на корупција”, достапно на: http://www.mvr.gov.mk/ShowAnnouncements. spx?ItemID=13223&mid=1094&tabId=201&tabindex=0

49 МВР. (2014) “Извештај за типични дела на корупција”, достапно на: http://www.mvr.gov.mk/ShowAnnouncements. spx?ItemID=13223&mid=1094&tabId=201&tabindex=0

### 2.2.2. *Наркотици*

Организираната трговија и шверц со дрога претставува најзастапен облик на организирано криминално делување во земјите од Западен Балкан. Дрогите што се предмет на криминалното делување на организираните групи се: кокаин, хероин, марихуана и синтетичките droги.

Со оглед на територијалното географско подрачје во кое организираните криминални групи од Србија, Црна Гора и Македонија ги извршуваат своите криминални активности, предмет на анализа во истражувањето за регионалните проценки на заканите од тешкиот и организираниот криминал се:[50]

- криумчарењето, дистрибуцијата на дрогата за неовластено пуштање во промет во Србија, Македонија и Црна Гора;
- учеството на криминалните организирани групи од подрачјето на Србија, Црна Гора и Македонија во шверцот на дрогата преку балканската рута до Западна Европа;
- учеството на криминалните организирани групи од подрачјето на Србија, Црна Гора и Македонија во шверцот на дрогата од Јужна Америка и Југоисточна Азија.

Во последните две децении, земјите од Западен Балкан се соочуваат со значителни безбедносни проблеми, вклучувајќи го шверцот и продажбата на дрога, која останува еден од најопасните и најпрофитабилните форми на организиран криминал. Една од причините е постојаната побарувачка на дрога на пазарот во Западна Европа, што понатаму ги поттикнува организираните криминални групи, чиишто членови се државјани на Србија, Црна Гора и Македонија, да продолжат или да го засилат интензитетот на кривични дела на

[50] МВР. (2016) *Регионална процена на заканите од тешкиот и организираниот криминал,* МВР, Скопје.

криумчарење и продажба на дрога, како на меѓународниот, така и на локалниот пазар.[51]

[51] МВР. (2016) *Регионална процена на заканите од тешкиот и организираниот криминал,* МВР, Скопје.

**Мапа 1:** Регионални недозволени текови



Организираните криминални групи за шверц ги вложуваат парите што ги заработиле од продажбата на дрога во легални финансиски текови со помош на корупциски практики, што му нанесува штета на финансискиот систем. Од друга страна, профитабилноста на активностите поврзани со дрогата е мотивација за новите членови на организираните криминални групи да се вклучат во овој вид криминал. Политиката насочена кон намалување на понудата и побарувачката на дрога и во Србија, Црна Гора и Македонија, се состои од утврдување на стратегиска, правна и институционална рамка. Покрај кривичните дела кои се однесуваат на производството и трговијата со дрога, нивната злоупотреба директно или индиректно влијае на појава на извршување кривични дела против имотот и кривични дела со елементи на насилство.

Трговијата со дрога на организираните криминални групи им носи високи профити, заради што се предизвикува голема конкуренција и конфликти, што може да доведат до убиства на членови на конкурентските организираните криминални групи. На територијата на Србија и Црна Гора конкуренцијата меѓу спротивставените организираните криминални групи, заради освојување нови пазари на дрога, доведува до убиства на членови на балканските организирани криминални групи кои активно учествуваат во шверцот на кокаин од регионот на Јужна Америка за Западна Европа. Покрај безбедносните последици, видливи се и последиците во областа на социјалната и здравствената заштита, преку зголемување на трошоците на лекувањето, третманот и социјалната грижа за зависниците.[52]

Апсењето на одредени членови на организираните криминални групи коишто се занимаваат со неовластено пуштање на дрогата во промет, не е гаранција дека ќе се сузбијат овие криминални активности и дека истите во иднина нема да се повторуваат, затоа што структурата на организираните криминални групи е таква што искуството говори дека тие и од затворите активно

[52] МВР. (2016) *Регионална процена на заканите од тешкиот и организираниот криминал,* МВР, Скопје.

го координираат и го организираат производството и трговијата со дрога. Неминовно, тоа е сериозна закана.

Брзиот технолошки развој, примената на современите технологии во комуникациите и транспортот на организираните криминални групи им создаде поголеми можности за подобра соработка, а помал ризик за нивно откривање. Можностите за трговија со дрога се зголемија, наведените трендови одат со брзина којашто унифицирањето на правната рамка не може да ја следи, што претставува голема пречка за соработката и нивото на ефикасност на полицијата и правосудните органи.

Главните рути за трговија со дрога постојано се менуваат и се приспособуваат според активностите за органите спроведување на законот, како и заради интензивното користење на нова транспортна инфраструктура. Поради тенденцијата трговијата со дрога да оди по поморски и воздушен пат, што е карактеристично за кокаинот и хероинот, може да се заклучи дека Србија, Црна Гора и Македонија ја играат улогата на логистичка база за организирање и спроведување на активностите на организираните криминални групи во странство. Дрогата произведена во Србија главно се продава на домашниот пазар (марихуана и синтетички дроги), а во помала мера се шверцува на други пазари. Во Македонија и Црна Гора марихуаната се произведува за локалните пазари.

Т.н. Балканска рута е најдобро позната по трговијата со хероин од Авганистан преку Турција и од ЗБ6 во ЕУ. Хероинот од Турција поминува низ Бугарија или Грција, пред да влезе во Северна Македонија и Србија. Потоа се упатува на север по должината на таканаречената Централно-европска рута до Унгарија, Словачка, Австрија и Швајцарија. Хероин, исто така, се пренесува во Италија преку Северна Македонија и Косово, потоа преку Албанија и Црна Гора. Од Србија и Црна Гора, дрогата исто така завршува во Босна и Херцеговина за понатаму да го продолжи патот кон Хрватска и соседна Словенија. Во 2015 година, вкупниот бруто профит остварен од трговците со опијати во Југоисточна Европа беше проценет на 1,7

милијарди долари годишно. Со хероинот не само што се тргува низ Балканот, туку тој и се обработува тука.[53]

Албанија и Црна Гора се важни влезни точки за кокаинот што доаѓа во Европа од Латинска Америка. Пратките пристигнуваат главно со контејнер до пристаништата Драч и Бар. Потоа, пратките се дистрибуираат низ Косово, Србија и Босна и се шверцуваат кон Централна Европа. Исто така, постојат докази за преработка на кокаин во регионот. Она што можеби е позначајно е дека криминалните групи од Балканот се активни во дистрибуцијата на кокаин во Западна Европа, особено во Австрија, Грција, Италија, Белгија, Холандија, Шпанија, Шведска и Обединетото Кралство. Повеќето од шефовите на овие групи живеат во Западниот Балкан и таму ги перат своите пари – затоа што можат. Освен што Балканот е транзитен регион за сите видови дроги, тој исто така е и главен снабдувач на канабис. Албанија е најголем производител на канабис во регионот. Организираните криминални групи не само што го шверцуваат производот во соседните земји на ЕУ, туку и ја дистрибуираат низ целиот регион. Сепак, се чини дека има значително намалување на одгледувањето на канабис од средината на 2017 година наваму, и значително зголемување на запленувањето на дрогата.

Во целиот Западен Балкан, но особено во Албанија, канабисот е најчесто консумираната, најлесна за наоѓање и најдостапна дрога. Главната дестинација за албанскиот канабис е Италија, особено преку глисери. Во минатото исто така се користеа и мали авиони. Според италијанските власти, во 2017 година запленети биле рекордни 90 тони канабис, кои дошле од Албанија. Други важни дестинации за албанскиот канабис се Грција и Турција, често преку Северна Македонија. Шверцерите користат големи патишта, официјални премини, како и планински гранични области за го шверцуваат производот и кон југ и исток.[54]

53 United Nations Office on Drugs and Crime, Drug money: the illicit proceeds of opiates trafficked on the Balkan route, 2015, достапно на: https://www. unodc.org/documents /islamicrepublicofiran/ /publications/sp1/Drug_Money_-_the_illicit_proceeds_of_opiates_trafficked_-_Balkan_route.pdf.
54 United States Department of State, International narcotics control Strategy Report: drug and chemical control, Volume 1, Март 2018, 98, достапно на: https:// www.state.gov/documents/organization/278759.pdf

Штом се прошверцува во Косово, канабисот често продолжува кон Северна Македонија и Бугарија; или кон Србија и Бугарија. Неодамна, износот на одгледување канабис во Албанија значително се намали, иако се' уште се одвива во помал обем и на поскриен начин. Земјата е под притисок да го спречи проблемот како дел од нејзините напори за влез во ЕУ. Вреди да се напомене дека канабисот (кој оди на исток) понекогаш се користи за плаќање на хероин (кој оди на запад).

Синтетичките droги се растечки бизнис на Балканот. Дрогите како екстази, амфетамини и метамфетамини се тргуваат низ регионот, главно од Холандија, преку Хрватска и Унгарија до Босна и Србија; или Косово, кон Северна Македонија, до Бугарија, Грција и Турција. Синтетичките дроги, исто така, се' повеќе се произведуваат на Балканот, особено во Босна и Србија (што е исто така најголемиот пазар за синтетички дроги во регионот).

Според истражувањето на Global Initiative against Transnational Organized Crime, спроведено во 2017-та година, балканската рута продолжува да биде клучен спроводник за разни видови на наркотични средства, особено транспортирање на хероин од Авганистан кон земјите од Западен Балкан. [55]

Процените на Кабинетот на Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДЦ) укажуваат на тоа дека меѓу 60-65 тони хероин се влева во Југоисточна Европа годишно. Повеќето од дрогите се пренесуваат со патни возила. УНОДЦ пресметува дека вредноста на трговијата со дрога во балканската рута изнесува приближно 28 американски милијарди долари. Ова е огромна сума пари, но само релативно мала сума од тоа се заработува во земјите од Западниот Балкан. Релативната вредност на трговијата со дрога е највисока во Албанија и Бугарија, еквивалентно на 2,6 и 1,22% од БДП.[56] Вреди да се напомене дека стапките на забрана за хероин во земјите од Западен Балкан се релативно ниски. Следно,

[55] Global Initiative against Transnational Organized Crime. (2017), Crooked Kaleidoscope Organized Crime in the Balkans, p.6-10

[56] UNODC. (2015), Drug Money: the illicit proceeds of opiates trafficked on the Balkan route, p. 8

високи количини на хероин се пренесуваат во Турција или во Иран пред да стигнат до Балканот. И исто така, постојат значителни заплени на хероин во Западна Европа, на пример во Германија, од дроги коишто транзитирале на Балканот.

**Треба да се има предвид со сите овие видови криминал дека Западниот Балкан не функционира во вакуум. Поголемиот дел од побарувачката за производи кои се или произведени во или транзитираат низ регионот доаѓаат од надвор од регионот – особено од земјите-членки на ЕУ. Ова сугерира дека решението исто така бара покрај регионална соработка и соработка со надворешни актери.**

### 2.2.3. Трговија со луѓе

Според Министерството за труд и социјална политика, трговијата со луѓе е комплексен, општествен, повеќе димензионален, криминален и социјален проблем, со кој се кршат основните човекови права и слободи на жртвите на трговија со луѓе. Како форма на организиран криминал, трговијата со луѓе ги нарушува и уставните и законските начела и стандарди на современото демократско општество.[57]

Треба да се забележи дека во практика, разграничувањето меѓу трговија со луѓе и кримчарење со мигранти не е секогаш лесно да се утврди. На пример, многу тргувани лица, мажи, како и жени, го почнуваат своето патување како криумчарени мигранти – склучувајќи договор со поединец или со група да им помогне во илегалното движење како возвратна финансиска корист.

Според Камбовски во класична ситуација на криумчарење мигранти, односот меѓу мигрантот и криумчарот е доброволен, краткорочен и завршува по пристигнувањето на мигрантот во земјата на дестинација. Меѓутоа, некои криумчарени мигранти се присилени да го продолжат овој однос за да ги исплатат големите транспортни трошоци. Токму во оваа доцна фаза станува очигледна крајната цел на ТЛ (должничка врска, изнуда, употреба на сила, принудна работа, принуден криминал, принудна проституција).[58]

Согласно наведеното, доколку проблемот на криумчарењето на мигрантите навремено не се реши, се појавува уште поголем предизвик, а тоа е трговијата со луѓе која многу лесно се развива во услови кога луѓе илегално се пренесуваат во други држави во кои за да бидат пренесени е потребно да им се избришат сите

[57] Министерство за труд и социјална политика. (2014) Индикатори за идентификација на жртви на трговија со луѓе. МТС:Скопје, стр.3

[58] Камбовски, В. (1996).*Правна држава и организиран криминал*. Правен факултет: Скопје.

траги поради што се губат идентитети на луѓе кои често стануваат и жртви на трговија со луѓе што е пак тешко да се докаже.

Трговијата со луѓе отсекогаш претставувала сериозен предизвик во однос на безбедноста на државата и со нејзиното постоење на ригорозен начин се нарушуваат и најосновните човекови права и се поврзува со организиран криминал во кој е тешко да се влезе во трага, а уште потешко да се сузбие ланецот бидејќи станува збор за криминал од висок степен во кој се вклучени искусни организации со разработени криминални шеми.[59]

Трговијата со луѓе се разликува од шверцот со луѓе. Кај шверцот со луѓе, луѓето со плаќање доброволно ја бараат услугата од шверцерот и притоа може и да не постои измама во (нелегалниот) договор. При пристигнување на определеното место, шверцуваното лице вообичаено е слободно да се снаоѓа.

На жртвата на трговија со луѓе, од друга страна, не и е дозволено да замине и од неа се бара да работи или да дава услуги, кои се експлоатирачки, на трговецот со луѓе или на други. Договорот може да биде составен како договор за работа, но без или со ниско плаќање или под екстремно експлоатирачки услови. Понекогаш договорот е составен како ропство поради долг, при што на жртвата не и е дозволено или не е во состојба да отплати.

Жртвите понекогаш се заведени или измамени со лажни ветувања или физички се принудени. Некои трговци со луѓе ги принудуваат или манипулираат жртвите и користат измама, заплашување, лажна љубов, изолација, закани и физичка сила, и ропство поради долг.

Трговијата со луѓе е профитабилна индустрија. Во некои области, трговијата со луѓе се контролира од страна на големи криминални организации. Меѓутоа, поголемиот дел од трговијата со луѓе се извршува преку мрежи на помали групи кои се специјализирани за одредена област, како врбување, превезување,

[59] Камбовски, В. (2005). *Организиран криминал*. 2-ри Август:Скопје.

рекламирање или продажба. Ова е многу исплатливо бидејќи потребни се малку средства, а гонењето е прилично ретко.

Од наведените причини, потребно е да се посвети поголемо внимание, од страна на сите институции/организации во идентификација и решавање на проблемот на национално, регионално и меѓународно ниво, бидејќи сигурноста на граѓаните е една од фундаменталните потреби и права и интегрален дел на квалитетно живеење.[60]

Протоколот за спречување, потиснување и казнување на трговијата со луѓе, особено со жени и деца (исто така познат како Протоколот од Палермо) е протокол на Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал на Обединетите Нации и трговијата со луѓе ја дефинира како „врбување, превезување, пренесување, засолнување или примање на луѓе, со помош на закана или примена насила или други форми на принуда, киднапирање, измама, лага, злоупотреба насила или состојба на беспомошност или давање и примање на плаќања или средства, за да се добие согласност од лице за контрола врз друго лице, со цел за експлоатација." Во септември 2008 година, од 124 страни, Протоколот беше потпишан од страна на 117 држави. Трговијата со луѓе е најбрзо растечка криминална индустрија во светот, со вкупен годишен приход од тргување со луѓе проценет на сума помеѓу 5 и 9 милијарди долари. Советот на Европа наведува: „За време на изминатата декада трговијата со луѓе достигна епидемични размери, со светски годишен пазар од околу 42,5 милијарди долари." Обединетите Нации проценуваат дека приближно 2,5 милијарди луѓе од 127 различни држави се продавани ширум светот. Жртвите на трговијата со луѓе се врбуваат со користење на принуда, лага, измама, злоупотреба на сила, или директно киднапирање.[61]

[60] Министерство за труд и социјална политика. (2014) Индикатори за идентификација на жртви на трговија со луѓе. МТС:Скопје, стр.3
[61] Габеров, М. (2012). *Транснационален организиран криминалитет-трендови и случувања*. Европски универзитет – Факултет за правни науки: Скопје.

За ефикасно да се совлада трговијата со луѓе преку меѓународните граници потребно е помагање и соработка помеѓу државите. Исто така и затегнато национално законодавство.

Со измените во кривичното законодавство во R. Македонија, во 2002 година се воведе кривичното дело „Трговија со луѓе“ (член 418 – а од КЗ). Во јануари 2008 година се извршија измени, се зголемија кривичните санкции, а исто така се воведе ново кривично дело во членот 418 – г од КЗ: „Трговија со малолетно лице.“Со најновите измени на Кривичниот законик од септември 2009 година се воведе построго казнување согласно Европската конвенција за борба против трговијата со луѓе.

Со законот за изменување и дополнување на кривичниот законик од 15.01.2008 година (Сл.в на РМ бр.7/08), се направени измени во дополнување на описот на битието на кривичното дело. Со овие измени на законот, за овозможувачот на кривичното дело или за корисникот, се бара “ да знаел или бил должен да знае “ дека лицето е жртва на Трговија со луѓе.[62]

Понатаму се воведува нов член со кој обидот за извршување на делото Трговија со луѓе е казнив, како и прецизирање дека недвижните предмети кои биле користени при вршење на делото се одземаат.

Со законот за изменување и дополнување на кривичниот законик од 14.09.2009 година (Сл В на РМ бр. 114/09), додаден е член кој ја заострува запретената казна за службено лице, кое ќе го стори делото во вршење на службата на најмалку 8 години затвор.[63] Наведените законски промени имаат за цел правно да влијаат на превентивата од трговија со луѓе под влијание на верувањето дека со зголемување на кривичните санкции може да се влијае на намалување на стапката

62 МВР. (2016) *Регионална процена на заканите од тешкиот и организираниот криминал,* МВР, Скопје.

63 МВР. (2016) *Регионална процена на заканите од тешкиот и организираниот криминал,* МВР, Скопје.

на раст на трговијата со луѓе и секако, во исто време да се влијае на намалувањето на бројот на жртви од трговија со луѓе.

Според истражувањето на Global Initiative against Transnational Organized Crime, спроведено во 2017-та година, трговијата со луѓе е еден од главните видови на организиран криминал на земјите од Западен Балкан. Регионот е извор на жртви на трговија со луѓе, транзитен регион, како и дестинација за трговија со жени. Повеќето балкански држави се изворни земји за мажи, жени и деца подложени на сексуална трговија и присилна работа.. Особено ранливи се жени и деца, особено Роми, кои со голем процент се вклучени во трговијата со луѓе во земјите од Западен Балкан. Според најновите бројки, повеќето жртви од регионот се жени инволвирани во трговијата со секс. Повеќето трговци со трговија со луѓе се мажи од земјите каде биле осудени.[64]најголемиот дел од пријавените случаи упатуваат кон сексуална трговија со луѓе во приватна резиденција, барови и ноќни клубови, како и запирања со камиони.[65]

Актерите во регионот имаат воспоставено механизми - НРМ – според кои се одвива соработката помеѓу владините и невладините актери кои работат на полета на борба против трговијата со луѓе.[66] Податоците од истражувањето, исто така, укажуваат на тоа дека само Албанија има високо оперативни НРМ. Повеќето од другите локации пријавиле дека воспоставиле, но не и спровеле силни, високо функционални НРМ. Во Албанија, Надлежниот орган за заштита и помош на жртви на трговија со луѓе е составен од претставници на граничниот сектор и секторот за борба против трговијата со луѓе, Конзуларната дирекција и Дирекцијата на социјалната служба. Надлежниот орган го координира процесот на упатување за почетна помош и заштита и долготрајна рехабилитација на сите жртви на трговија со луѓе. Според извештаите и информаторите од истражувањето,

[64] Global Initiative against Transnational Organized Crime. (2017), Crooked Kaleidoscope Organized Crime in the Balkans, p.10

[65] Global Initiative against Transnational Organized Crime. (2017), Crooked Kaleidoscope Organized Crime in the Balkans, pp.10-12

[66]Меѓународна организација за миграции. (2014), Трговија со луѓе во  Западен Балкан, стр.65-70

во некои области, на пример, БиХ и Србија (ГРЕТА, 2013 БиХ и Србија), претставниците на надлежните институции се и дел од еден поширок НРМ кој е активен на ниво на заедницата, кој вклучува и регионални комисии и локални мрежи поставени за подобрување на идентификацијата, заштитата, помошта и рехабилитацијата на жртвите на трговија со луѓе. Повеќето информатори ги опишуваат НРМ на Албанија како „добро функционални и добар пример за другите. Постои добра комуникација со социјалните служби, помеѓу владините и невладините организации». Во исто време, еден информатор напомена дека додека НРМ претставуваат „многу добар документ», некои клучни актери во моментов не се вклучени во идентификација и помагање на случаите на трговија со луѓе, како на пример, трудовите инспектори и персоналот кој работи на заштита на децата. Во БиХ, Косово, Црна Гора и Република Македонија, информаторите истакнаа дека постојат НРМ, но изразија загриженост во врска со недостатокот на соработка и координација помеѓу клучните актери за кои информаторите сметаат дека треба да бидат вклучени во решавањето на проблемот со трговијата со луѓе. Во БиХ, на пример, Акциониот план за трговијата со луѓе вклучува рамка за изготвување и координирање на политики и дејствувања за спречување на трговијата со луѓе. БиХ има воспоставено мешовита институционална рамка за изготвување и координирање на политиката и дејствијата против трговијата со луѓе, која ги вклучува државниот координатор, државната меѓуминистерска група, како и Ударните единици и Регионалните мониторинг тимови.[67] НРМ на Косово вклучуваат стандардни оперативни процедури кои ги дефинираат улогите и одговорностите на сите актерите во борбата против трговијата со луѓе, вклучувајќи и задолжување на канцеларијата на Државниот координатор за координација на сите засегнати страни. Повеќето видови на 67 информатори сепак посочија, дека тие веруваат дека треба да има подобра координација помеѓу клучните засегнати страни во идентификацијата и упатувањето, особено на локално ниво. Црна Гора има воспоставено структура на НРМ која ја поддржува соработката на голем број клучни актери, но, според неколку информатори, нејзиното спроведување е «променливо». Националниот координатор за борба против трговија со луѓе ги

[67]Меѓународна организација за миграции. (2014), Трговија со луѓе во  Западен Балкан, стр.65-70

координира државните напори против трговијата со луѓе. Канцеларијата работи во рамките на Генералниот секретаријат на Владата на Црна Гора (Директива на Владата издадена на 18.04.2013) и е одговорена за координирање на активностите на надлежните државни органи, меѓународните институции и невладините организации во спроведувањето на Националната стратегија и акционите планови. Канцеларијата го надгледува „Договорот за соработка», кој има улога на национален механизам за упатување и вклучува претставници од Врховниот суд, Државното обвинителство и релевантните владини министерства (внатрешни работи, здравство, образование, труд и социјална заштита) (Националната стратегија, 2012). Канцеларијата на Националниот координатор има скучено договори за соработка со невладини организации за обезбедување на услуги за лица кои биле жртви на трговија со луѓе (Национална стратегија, 2012). И владата и невладините информатори наведоа дека постојат пропусти во функционирањето на НРМ, како на пример во Косово, особено на општинско ниво. Слично на тоа, информаторите наведоа дека НРМ во Македонија има голем број на „оперативни недостатоци», како што се недостаток на разбирање на индикаторите на трговијата со луѓе кои се користат за идентификација на случаи и како во Косово и Црна Гора, постои недостаток на спроведување на НРМ на локално ниво, односно општинско ниво.[68] Надминувањето на наведените недостатоци остава простор за понатамошна подобра соработка помеѓу земјите од Западен Балкан.

[68]Меѓународна организација за миграции. (2014), Трговија со луѓе во Западен Балкан, стр.65-70

### 2.2.4. *Перење пари*

Локацијата на Западниот Балкан го прави особено привлечен за трговија со дрога, оружје и луѓе. Регионот се наоѓа меѓу најголемиот светски производител на опиум, имено Авганистан, и најголемите пазари за хероин, имено Западна Европа. Станува се поважна влезна точка за кокаин, како и место за перење на добивката од криминални дејствија.

Перењето на пари е исто така особено голема закана бидејќи е изразено тешко да се следат паричните текови особено помеѓу земји од Западниот Балкан каде се користат различни валути. Притоа, во криминалните активности парите се перат преку купување на луксузни автомобили, отворање на бизниси во други земји и најмногу, инвестирање во недвижности за кои е тешко да се открие вистинскиот сопственик.

Според истражувањето на Global Initiative against Transnational Organized Crime, спроведено во 2017-та година, во периодот помеѓу 2010-та и 2019-та година се предвидува дека би се оствариле околу51,4 милијарди американски долари по незаконски пат, преку активности поврзани со перење пари.[69]

Она што е од големо значење да се напомене е дека сите криминални активности поврзани со перењето пари се поврзани со соучесништво на банките (локални и филијали на меѓународни банки).

За да се надмине оваа криза, од големо значење е државите од Западниот Балкан постојано да си пренесуваат информации за приливите и да водат евиденција во ризичните приливи на пари. Исто така, од големо значење е и зголемена контрола на национално ниво.

Проблематиката на спречување на перењето пари во Република Македонија за прв пат правно се регулираше со донесување на Законот за спречување на

---

[69]Global Initiative against Transnational Organized Crime. (2017), Crooked Kaleidoscope Organized Crime in the Balkans, p.14

перење пари (Службен весник на РМ 70/2001), кој беше во август 2001 година и стапи на сила на 13 септември 2001 година, денес формулиран како Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

Врз основа на член 5 од Законот, во средината на месец септември 2001 година беше формирана Дирекција за спречување на перење пари, како орган во состав на Министерството за финансии, кој ќе ги прибира, обработува, анализира и чува податоците добиени од субјектите кои се обврзани за преземање мерки и дејствија за откривање и спречување на перење пари, како и други дејствија за кои е овластена согласно одредбите од законот.[70]

Во јануари 2008 година оваа институција добива статус на правно лице иго менува називот од Дирекција за спречување на перење пари во Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, додека во март 2012 година се преименува во Управа за финансиско разузнавање. Основна задача на оваа институција е да врши финансиски мониторинг, односно следењето на патот на парите и спречувањето нелегалните пари да бидат вклучени во легалните финансиски текови, како и откривањето и спречувањето на финансирање на тероризмот.

Со измените во Кривичниот Законик("Службен весник на РМ" бр. 37/96,80/99, 4/02, 43/03 и 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09 и 51/11 ),членот 273 кој се однесува на перењето пари и други приноси од казниво дело е усогласен со меѓународната регулатива. Перењето пари ги инкриминира сите дејствија на пуштање во оптек, примање, преземање, заменување, раситнување, конверзија или пренос на пари како и продавање, подарување, купување, примање во залог или пуштање во друг вид на промет на имот или предмети со цел да се прикрие нивниот вистински извор, локација, движење или сопственост.[71]

---

[70]Закон за спречување на перење пари (Службен весник на Р. Македонија,бр.70/01)

[71] Закон за спречување на перење пари (Службен весник на Р. Македонија,бр.70/01)

Во Кривичниот Законик (сл. Весник 19/04)исто така предвиден е нов член 394-а "Терористичка организација" кој го инкриминира обезбедувањето на средства за финансирање на Терористичка организација од страна на припадник на групата, бандата, злосторничката организација или било кое друго лице, односно го инкриминира финансирањето на тероризмот .

Во 2018-та година е прогласен,усвоен Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам со кој се поставува и основата за создавање на посебен Регистар за утврдување на вистински сопственици и негово започнување со работа согласно сите препораки од европските заедници и воопшто, согласно сите мислења и ставови од експерти во областа.[72] Заради обезбедување на транспарентност на сопственичката структура на правните субјекти се воспоставува регистар на вистински сопственици. Централниот регистар на Република Македонија го воспоставува, води, одржува и управува со регистарот. Правните субјекти со исклучок на трговци поединци и самостојни вршители на дејност, ги внесуваат податоците за нивните вистински сопственици во регистарот во рок од осум дена од уписот на основањето на деловниот субјект во соодветниот регистар или во рок од осум дена од промената на податоците за вистинскиот сопственик. Регистрациониот агент или администраторот на регистарот во постапката на упис е должен да го запознае правниот субјект за обврската за задолжително запишување на податоците за вистинскиот сопственик. Одредбите не се однесуваат на правните субјекти кои се компании чии акции котираат на организиран пазар на хартии од вредност и кои се обврзани да се усогласат со условот за објавување на податоците за вистинските сопственици со што се обезбедува соодветна транспарентност на информации за сопственост согласно релевантните меѓународни стандарди.[73]

[72]Global Initiative against Transnational Organized Crime. (2017), Crooked Kaleidoscope Organized Crime in the Balkans, p.14
[73]Види повеќе кај Сл.весник на Р. Северна Македонија, Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам 120/18

Во регистарот се запишуваат следниве податоци: [74]

a) податоци за правниот субјект назив, седиште, ЕМБС и даночен број, датум на основање и бришење на деловниот субјект и

b) податоци за вистинскиот сопственик лично име, единствен матичен број или друг идентификациски број, адреса на постојан и привремен престој, датум на раѓање, даночен број, државјанство, сопственички удел или друга форма и вид на сопственост или контрола и датум на внесување и бришење на вистинскиот сопственик од регистарот.

[74]Сл. весник на Р. Северна Македонија, Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам 120/18,чл.28,ст.1

### *2.2.5. Шверц со мигранти*

Во последниве неколку години во светски рамки, вклучувајќи ја и безбедносната рамка на Република Македонија актуелна е темата со мигрантите, кои во се поголем број мигрираат од различни држави во светот најчесто поради војните кои се зафатени во тие подрачја или пак поради причини поврзани со економски аспект.

Според истражувањето на Global Initiative against Transnational Organized Crime, спроведено во 2017-та година,како што се зголеми стравот од „преплавување“ од странци, европските влади реагираа дури и со ограничување на движењето преку поставување огради и повторно воведување гранични контроли. На 9 март 2016 година транзитниот коридор на Западен Балкан беше целосно затворен. Бројот на нелегален граничен премин драматично опадна: од 217.815 во првиот квартал до 28.789 во вториот квартал. Повеќето откриени случаи се обиделе да ја преминат границата помеѓу Македонија и Грција, а потоа и помеѓу Србија и Унгарија.[75]

Дел од земјите, создаваат демократки стратешки пристап при што ги признаваат правата на мигрантите повикувајќи се на потребата од прифаќање на нивните основни човекови права. Во овие земји мигрантите имаат право да побараат азил и да се стекнат со основните услови за уживање на човековите права, додека пак во други земји, се создаваат агресивни политики за отуѓување и прагматизам во пристапот со мигрантите.

Оттука, во ситуации кога мигрантите не се добродојдени во земјите тие пронаоѓаат различни начини како да влезат во земјите без легална дозвола за тоа и тука настапува криминалот. Мигрантите од една страна, имаат реална потреба да влезат во земјите како би стигнале до крајната дестинација или пак потреба да влезат во земјата за да останат во неа, додека пак криминалците од друга страна имајќи ги во предвид овие потреби заработуваат и при тоа не водат грижа за

[75]Global Initiative against Transnational Organized Crime. (2017), Crooked Kaleidoscope Organized Crime in the Balkans, p.10

општата безбедност во светот, истовремено и за националната безбедност во земјите, особено во случаи кога станува збор за мигранти кои е тешко да се идентификуваат и да им се препознае рутата.

Согласно тоа, колку е потешко да влезат мигрантите во некоја земја, толку е и поскапа услугата криумчарење на мигранти, но криминалците со цел да успеат во акцијата на криумчарење, имаат развиено организациски шеми како тоа да го спроведат што за жал, искуствено и статистички во безбедносните сектори се докажува дека успева.

Според Камбовски на кратки рокови, се предизвикува безбедносна нестабилност, на долги рокови се загрозува националната безбедност што во продолжение влијае на меѓународната соработка помеѓу земјите кои меѓусебно се обвинуваат за недоволно развиен безбедносен пристап во однос на соочувањето со проблемот на мигрантите.[76]

Една од мерките за соочување со криумчарењето со мигрантите е промената во правната рамка. Затегнувањето на правната рамка е често причина како да се обезбеди поголема стабилност во безбедносните структури иако криминалците не секогаш стравуваат од овие промени, имајќи развиени организациски планови како да се соочат со предизвикот и да ги добијат ветените материјални добра.

Од друга страна, се појавуваат промените во позитивни рамки, во однос на прифаќање на барањето на азил при што мигрантите имаат право да побараат азил и по одобрувањето легално да добијат права, без развој на криминалната рамка. Тоа е случај и со Република Македонија, земја која се обидува стратешки и демократки да пронајде начини како да се соочи со проблемот на криумчарењето на мигрантите, земајќи предвид дека неприфаќањето на мигрантите води токму до појава на ова кривично дело кое особено ги вознемирува безбедносните сектори во државите.

Согласно законските промени, во 2004-та година се инкриминираа дејствијата на криумчарење на мигранти (член 418 – б од КЗ) и организирање на

[76] Закон за спречување на перење пари (Службен весник на Р. Македонија,бр.70/01)

група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе и криумчарење на мигранти (член 418 – в од КЗ).

Со измените за Законот за азил од 17.07.2015 се овозможува на странецот на граничен премин или во внатрешноста на територијата на Република Македонија пред полициски службеник на МВР да искаже намера дека ќе поднесе барање за признавање право на азил и да биде упатен во рок од 72 часа да поднесе барање за признавање право на азил пред овластено службено лице на Одделението за азил во просториите на Прифатниот центар за баратели на азил. Дополнително преку донесување подзаконски акти е утврден образецот на искажаната намера за поднесување барање за признавање право на азил, образецот на барање за признавање право на азил, начинот на земање отпечатоци од прсти и фотографирање на барателите на право на азил.

Со усвојување на овие решенија се надминува, односно ќе се превенира проблемот на илегалната миграција од една страна, а од друга страна ќе му се олесни на потенцијалниот барател на право на азил пристап до органот кој ја води постапката за признавање на право на азил.

### *2.2.6. Оружје*

Балканот е извор за шверц на огнено оружје. Наследството од балканските војни во 1990-тите, граѓанските немири во Албанија во 1997 година и нестабилноста во Македонија во 2001 година го оставија регионот преплавен со милиони оружја. Некои од овие оружја се шверцуваат во ЕУ, честопати за употреба од други криминални групи, како што се моторџиските банди во нордиските земји или италијанските мафијашки групи. Оружјето од Балканот, исто така, го користеа и исламските терористи.22 Оружјето тргувано од Западен Балкан обично ги следи истите правци како дрогата. Организираните криминални групи од Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија прво го шверцуваат оружјето во централно- европските држави како што се Хрватска, Унгарија, Словачка и Австрија. Оттаму, тие потоа се дистрибуираат кон земји како Франција, Белгија, Холандија, Данска, Шведска и Норвешка. Пиштолите со потекло од Албанија беа шверцувани со моторни чамци кон Италија, каде што сицилијанската мафија била пријавена како главен клиент. Од Италија, оружјето било тргувано и во други западно-европски земји. Оружјето и експлозивите од Балканот продолжуваат да се користат во регионот.[77]

Оружјето претставува примамлива стока, посебно кога се во прашање криминалните групи кои вршат недозволена трговија со оружје или пак имаат за цел да се снабдат со оружје на илегален начин сé со цел извршување на некое кривично дело а со помош на оружје. Покрај легалната трговија, дозволената и законски пропишана трговија постои и недозволена трговија со оружје со која се снабдуваат криминалните организирани групи, паравоени формации и терористички организации. Во Република Македонија дефинирањето на оружјето, видовите на оружје и законската рамка за условите за набавување, поседување, носење, чување, производство, поправање, промет, превоз и пренесување преку државните граница на оружје и муниција се пропишани во Законот за оружјето.

[77] Jovana Carapic and Remo Grassman (2018), Strengthening resistance in the Western Balkans: Mapping outreach and assistance for small arms and light weapons control, Federal Ministry of Defence, Republic of Austria, 12-13.

Кога е во прашање поимот ,,оружје" или пак недозволената трговија со оружје, во еден од најстарите документи на меѓународната заедница не се содржани дефиниции со кои поимно би се определиле овие термини а тоа е Европската конвенција за контрола на набавување и поседување на огнено оружје од страна на поединци донесена од Советот на Европа.[78]

Меѓународната заедница овие поими ги дефинира во Протоколот за борба против недозволеното производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција кој ја дополнува Конвенцијата на ОН за борба против транснационалниот организиран криминал од 2000 година според кој: неовластеното производство значи ,,производство или составување на огнено оружје, негови делови и компоненти или муниција". Недозволена трговија значи: ,,увоз, извоз, стекнување, продажба, испорака, движење или пренос на огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција" од територијата на една земја која е страна, на територија на друга земја страна ако било која од засегнатите земји не дала согласност согласно Протоколот или ако оружјето не е обележано согласно член 8 од Протоколот.[79]

Под поимот ,,оружје" се подразбира ,,секое преносливо оружје со цевка кое исфрла, е дизајнирано да исфрла или пак може да биде конвертирано да исфрла куршуми или проектили по пат на експлозија, исклучувајќи ги антиквитетите или нивните реплики." Кога е во прашање ООН постојат и други меѓународни документи кои ја разработуваат оваа содржина а тоа е Договорот за трговија со оружје на ООН каде што е опфатено дефинирање на трговијата а исто е наведено какви видови на оружје се предметна регулација со истиот договор. Овој договор ги вклучува: воените тенкови, вооружените борбени возила, артилериските

---

78 Закон за оружјето, ,,Службен весник на Република Македонија,, број 7/2005, 47/2006, 42/2007, 86/2008, 72/10, 158/11, 119/13 и 164/13 достапен на: http://www.mvr.gov.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=243

79 European Convention on the Control of the Acquisition and Possession of Firearms by Individuals).

системи од голем калибар, воените летала, борбените хеликоптери, воените бродови, ракети и ракетни лансери како и малото и лесно оружје. [80]

Имајќи ги во предвид облиците на организиран криминал, се доаѓа до заклучокот дека во Северна Македонија и земјите од Западен Балкан се прават значајни напори за да се сознаат, разузнаат и превенираат облиците на организиран криминал, знаејќи дека организираниот криминал е сериозен општествен проблем. Предизвик се новите облици на организиран криминал кој до пред петнаесетина години воопшто не биле присутни во Македонија, на пример, криумчарењето мигранти.

Слабост на системот е тоа што организираниот криминал е присутен и често доаѓа во голем обем под дејство на надворешни фактори, а системот на Македонија е во развој поради што ненавремено разузнавање и ненавремено барање на безбедносна помош од големите сили може општеството да го донесе под сериозна безбедносна закана.

[80] Global Initiative against Transnational Organized Crime. (2017), Crooked Kaleidoscope Organized Crime in the Balkans, p.12

# Трета глава: СПРАВУВАЊЕ СО ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

Организираниот криминал неминовно има негативно влијание врз безбедноста на општеството. Затоа, од исклучително значење е здружената борба на земјите од Западен Балкан против организираниот криминал на долги рокови. Во продолжение на магистерскиот труд се изнесуваат согледувања за борбата против организираниот криминал во Македонија со акцент на органите, меѓународната соработка, правна рамка и начини на сузбивање на организираниот криминал.

## 3.1. Потреба од соработка помеѓу државите

Потребата од соработка помеѓу државите поаѓа од заедничкиот стремеж на државите за понатамошен развој на добрososедство, пријателство и соработка. Соработката се гради врз основа на меѓусебно почитување, доверба, разбирање, добрососедство и секако, врз основа на почитување на интересите на државите. При тоа, сеопфатниот развој и продлабочувањето на пријателските добрососедски односи треба да одговорат на интересите на народите и како приоритет да биде поставено зајакнувањето на безбедноста и мирот, соработката и довербата.

Неминовно е потребно државите да развиваат сестрани односи меѓусебно согласно основните принципи на меѓународното право и добрососедството. Договорените страни треба да соработуваат и во рамките на Обединетите Нации, Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Советот на Европа и други меѓународни организации и форуми. Договорените страни, треба да ја развиваат соработката во областа на европската и евроатланската интеграција, насочена кон успешна подготовка на земјите да пристапат во европското семејство, а потоа, споделувајќи ги искуствата заедно да се борат против опасностите и да ја развиваат безбедноста во државите.

Соработката помеѓу државите треба да се стреми кон создавање на неопходните правни, економски, финансиски и трговски услови за да се обезбеди

непречено движење на стоки, услуги и капитал со што ќе се поттикнат заедничките инвестиции а во исто време и ќе се обезбеди нивна заштита. Во исто време, треба да се прошират и усовршат транспортните врски и другите комуникации, како и да се олеснат царинските и граничните формалности предвидени за стоките и патниците.

Покрај сето останато, а од особено значење за темата на магистерскиот труд, соработката помеѓу земјите значи и елиминирање на дејствија против другите држави (дејствија со непријателски карактер). Не треба да се дозволи една територија да се користи против друга преку активности кои претставуваат закана за мирот и безбедноста на земјите. Не е дозволено ниту да има територијални претензии една спрема друга, ниту да се мешаат државите во внатрешната политика на другите земји.

Соработката помеѓу државите треба да се базира на редовна комуникација и ефективна примена на договорите со цел имплементација на мерките за унапредување на билатералната соработка и решавање на прашања од интерес на безбедноста на договорените држави.

## 3.2. Механизми на соработка за справување со организираниот криминал

Организираниот криминал, како и тероризмот, веќе многу години се признава како многу голема закана за меѓународната безбедност. Бројните дискусии на политички, научни и професионални форуми, резултатираа со усвојување на многу документи во кои се дефинираат предлог мерки за успешно сузбивање на организираниот криминал.

Земјите од регионот активно се вклучени во овие процеси и постојано изнаоѓаат нови решенија кои ги спроведуваат во сопствените законодавства како и на ниво на меѓународна соработка со договорените земји. Меѓународната соработка е од круцијално значење поради тоа што организираниот криминал во голем дел

од случаите се развива и протега во повеќе земји и единствено со соработка помеѓу институциите во земјите истиот може да биде сузбиен и да се врати безбедноста.

Успехот во борбата против организираниот криминал како комплексна закана која ги надминува националните граници покрај мултидисциплинарниот пристап денес е исклучително зависен  и од градење интегрирани механизми за соработка помеѓу државите и меѓународните институции. Досегашната пракса покажа дека целосно документирање на една операција е можно само со водење на заеднички меѓународни истраги и непосредна размена на податоци со вклучување на надлежните институции од сите земји учеснички во операциите.[81]

Еден од клучните механизми за справување со организираниот криминал е развој на мрежата за известување помеѓу државите. Исто така, значаен механизам е и постоењето на стратешки планови на државите за рана превенција и брза интервенција во која ќе бидат вклучени актери од засегнатите земји кои меѓусебно имаат договори за справување со организираниот криминал.

Следно, особено значаен механизам е воспоставувањето на добра соработка помеѓу полицијата и судските тела. Во услови на современата брза глобализација, развојот на модерните технологии и отворањето на границите е предизвик поради големата подвижност на организираниот криминал. Сепак, овие услови во исто време ја олеснуваат полициската соработка. Оваа соработка може да се случи на глобално, регионално или билатерално ниво и развиени се повеќе канали на секое од овие нивоа преку кои може да се изврши реализација и имплементација на предвидените механизми кои имаат за цел справување со организираниот криминал.

Основни цели на меѓународната полициска соработка се активности насочени кон собирање и споделување информации, гонење на сторителите и добивање докази. Целите се операционализираат преку активности на

[81] Влада на РМ. (2019) "Борбата против организираниот криминал бара соработка помеѓу државите", достапно на: https://vlada.mk/node/8837?ln=mk (29.09.2019)

Меѓународната служба за полициска соработка. Тука е поставена централната национална фокусна точка на меѓународниот оперативен систем.

## 3.3. Видови на соработка

Соработката може да биде регионална или меѓународна. Исто така, соработката може да се однесува на конкретен период потребен за решавање на проблемот или пак да биде долготрајна. Каков вид на соработка ќе се реализира зависи од проблемот со кој се соочуваат земјите.

Во последните десетина години, земјите имаат развиено акциони планови за соочување со организираниот криминал и при тоа предвидени се:[82]

- Координирани активности,
- Следење на резултатите од примена на стратешките цели,
- Доставување на извештаи за работните активности и
- Ревидирање на стратешките планови.

Дополнително, при анализата на видови на соработка, земјите во борбата против организираниот криминал несомнено дека развиваат активности за соработка во поглед на:

1) Намалување на корупцијата;
2) Сузбивање на криминални групи кои работат со дроги;
3) Сузбивање на ланци на проституција;
4) Пронаоѓање и сузбивање на ланци на трговија со луѓе;
5) Намалување на стапката на перење на пари;
6) Откривање и сузбивање на пренесувањето на мигранти и
7) Сузбивање на криминални групи кои вршат криминални дела поврзани со оружје.

---

[82] Види повеќе кај BIH Vijece Ministra (2014), Strategija za borbu protiv organiziranog kriminala u Bosnu I Hercegovinu (2014-2016), Sarajevo, str.16-18

## 3.4. Значењето и улогата на безбедносните служби во успешно справување со организираниот криминал

Безбедносните служби се директно инволвирани во процесот на сузбивање на криминалните групи и ефикасно решавање на организираниот криминал секогаш кога ќе се создадат услови за сомневање од постоење на такво дело. При тоа, во борбата за успешно справување со организираниот криминал голема улога имаат Канцеларијата за безбедност на НАТО, Канцеларијата за безбедност на Генералниот секретаријат на Советот на ЕУ, управите за безбедност и контраразузнавање на државите, секторите за воена безбедност и разузнавање и агенциите за разузнавање.

Канцеларијата за безбедност на НАТО е задолжена за координација, следење и имплементација на безбедносната политика на НАТО. Директорот на Канцеларијата е главен советник на генералниот секретар на НАТО за прашања од областа на безбедноста и претседава со Комитетот за безбедност на НАТО. Канцеларијата за безбедност на НАТО е надлежен орган на НАТО за соработка со Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ) во доменот на размената и заштитата на класифицирани информации што се разменуваат меѓу државите и НАТО. Нејзини претставници вршат редовни инспекции во Централниот регистар на ДБКИ и регистрите лоцирани во министерствата и другите државни органи и ДКП-а на државите каде што се чуваат и каде што се ракува со класифицирани информации на НАТО.[83]

Канцеларијата за безбедност на Генералниот секретаријат на Советот на ЕУ е надлежен орган на Советот на ЕУ за соработка со Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во доменот на размената и заштитата на класифицирани информации што се разменуваат меѓу државите и ЕУ. По утврдена потреба, здружен инспекциски тим, составен од претставници на Канцеларијата за безбедност на Генералниот секретаријат на Советот на ЕУ, претставник на

[83] Види повеќе кај BIH Vijece Ministra (2014), Strategija za borbu protiv organiziranog kriminala u Bosnu I Hercegovinu (2014-2016), Sarajevo,

Европската Комисија и претставник на националниот безбедносен авторитет на некоја земја членка, доколку за тоа изрази желба, врши инспекција на Централниот регистар на ДБКИ и регистрите лоцирани во министерствата и другите државни органи и ДКП-а на државите каде што се чуваат и каде што се ракува со класифицирани информации на ЕУ.[84]

Управите за безбедност и контраразузнавање на државите, секторите за воена безбедност и разузнавање и агенциите за разузнавање со разузнавачката и контаразузнавачката активност ги заштитуваат територииите преку откривање илегални организации и групи, справување со бандитизмот и остатоците од квислиншки формации и тешки форми на организиран криминал.

## 3.5. Последици од недоволната соработка на полето на сузбивање на организиран криминал

Недоволната соработка на полето на сузбивање на организираниот криминал води кон намалување на општата безбедност на глобално ниво, на намалување на државната безбедност и слабеење на капацитетите на државите да се справат со криминалните групи. Без соработка, страдаат дури и најразвиените земји бидејќи тие се можеби доволно силни да го сузбијат криминалот на државно ниво, но неопходна им е соработка за да останат недопрени од организираниот криминал кој се шири помеѓу земјите и кој често се провлекува меѓугранично.

Недоволната соработка на полето на сузбивањето на организираниот криминал исто така влијае и врз економската стабилност бидејќи во недоволно безбедни држави нема инвестиции и нема долгорочни одлуки за опстојување на бизнисите. Опаѓа кредитната стабилност, населението се иселува во други, побезбедни држави. Расте бројот на кривични дела, опаѓа моќта на безбедносните служби да излезат во пресрет на барањата на граѓаните да им биде осигурана

[84] Види повеќе кај BIH Vijece Ministra (2014),Strategija za borbu protiv organiziranog kriminala u Bosnu I Hercegovinu (2014-2016), Sarajevo.

безбедноста и слободното движење. На сметка на тоа, криминалните групи ги прошируваат своите криминални канали.

### *3.6. Меѓународна соработка на земјите од Западен Балкан*

Денешните трендови, последиците и проценките за организираниот криминал и тероризмот во иднина често пати доведуваат до алармантни заклучоци, борбата против тие феномени доби приоритет не само од европска перспектива туку и од меѓународната заедница. Со оглед на вредноста на денешните проценки, тероризмот и организираниот криминал во сите свои облици и во блиската иднина ќе претставуваат сериозна закана.

Порастот на исламскиот тероризам, етничко-сепаратистичкиот тероризам, како и врската помеѓу тероризмот и организираниот криминал, ги натераа земјите да ги зголемат напорите како би можеле ефикасно да се соочат со прашањата и непосредните проблеми кои ги предизвикуваат овие два феномени.[85]

Таквите напори веќе резултираа со билатерални и мултилатерални договори помеѓу заинтересираните земји, со кои се преземаат мерки за спречување на ширење на организираниот криминал и терористичките активности. Друг битен тренд е и постојаната намера за воспоставување на блиска соработка меѓу тајните служби поради размена на разузнавачки информации.

Меѓународната и регионалната соработка исто така игра многу важна улога во составување на цврста стратегија за борба против организираниот криминал. Како што е познато, нема земја која може самостојно да се справи со организираниот криминал и терористичките активности. Само со меѓународна соработка можеме да се надеваме дека ќе се намалат овие активности.[86]

---

[85] Hislope,R. (2006). "Corrupt Exchange in Divided Societies: The Invisible Politics of Stability in Macedonia", Department of Political Science, Union College, Paper prepared for the Southern Political Science Association 77th Annual Conference, January 5-7, p.31.

[86] Камбовски, В. (2005). *Организиран криминал*. 2-ри Август:Скопје.

Организираниот криминал и натаму останува грижа со која се соочуваат и многу поорганизирани држави отколку што е Република Северна Македонија и останатите западно-балкански држави, имајќи во предвид дека корупцијата навлегла во многу сегменти на општеството и што, пак, преминува на ниво на организиран криминал, онака како што е дефиниран и од страна на експертите во оваа област, посебно на ИНТЕРПОЛ.

Главна цел на овие групи е корумпирање на поединци кои имаат функции во разни државни структури. Ова последново се здоби со најголеми димензии, користејќи го големиот профит и влијанието за доминација, со цел обезбедување на своја хиерархија од нивно откривање и гонење. Организираните криминални групи поседуваат големи количества финансиски средства, кои можат да влијаат врз малите земји во транзиција. Овој вид на криминал може да се вброи и во социо-патолошките појави, бидејќи се заканува на моралниот интегритет на луѓето, кои се научени да живеат чесно во согласност со нормите што им ги дозволува законот. Со цел да добиеме појасна слика како и можност за превенција и спречување на организираниот криминал, ќе ги искористиме предлозите на проучувачите на оваа проблематика, меѓу кои и на Сулејманов, кој меѓу другото, вели: Со цел да се зацврсти спречувачката-превентивна страна на организираниот криминал и на корупцијата како значајно надополнување на репресивната политика во оваа област, треба да се направи :[87]

- изработка на програма за правни, административни и културни иницијативи за борба против корупцијата;
- формирање на внатрешно и меѓународно тело за елиминирање на корупцијата;
- заострување на казнената политика за одредени форми на коруптивно однесување;

[87] МВР. (2016) *Регионална процена на заканите од тешкиот и организираниот криминал,* МВР, Скопје.

- кадровско, материјално и техничко засилување на службите за борба против организираниот криминал во Министерството за внатрешни работи (судовите и во сите сегменти на државната администрација) како можност за нивна специјализација во земјата и во странство;
- ставање на процедура за конфискација на стекната стока преку организиран криминал, корупција и перење пари;
- нормативно регулирање на можноста за трансформирање на појавениот товар за преземање на стоката како резултат на кривично гонење на оние лица кои биле осудени за рекетирање и други незаконски дела;
- функционирање на финансиска полиција за добро и легитимно менаџирање на трговското и финансиското работење и развојот на механизми за соработка во спречување на корупцијата.

Доколку не постојат реални обиди за да се спречат активностите против корупцијата и организираниот криминал во Македонија тоа, без сомнение, ќе биде уште едно чувство на институционална неодговорност за оние кои што се втурнале во политиката. Сигурно е дека овие напори ќе бидат многу поуспешни доколку во државните структури не се инволвирани поединци што ја потпомогнале оваа појава. Успешното дејствување против организираниот криминал ќе биде во согласност со стандардите што ги нуди Советот на Европа и Европската Унија, како и заштитните механизми што се нудат од страна на структурите на НАТО за борба против криминалот, организираниот криминал со оружје, против организираниот криминал на шемите на движење и перење на пари, против шверцот со наркотични средства, против трговијата со „бело робје„ итн.

Соработката и координацијата треба да се одвива низ следниве чекори:[88]

- да постои редовна „размена на информации“ помеѓу стручњаците за борба против тероризмот и организираниот криминал;

[88] МВР. (2016) *Регионална процена на заканите од тешкиот и организираниот криминал,* МВР, Скопје.

- воспоставување на заеднички антитерористички закони и прописи со цел во борбата против тероризмот и криминалните активности да постои единствен пристап;
- формирање база на податоци;
- едукација на јавноста за да ја сфати заканата од организираниот криминал врз демократските процеси;
- развивање на социетална култура која не го толерира присуството на организиран криминал. Податоците покажуваат дека кога владата и народот го одбиваат влијанието на организираниот криминал, криминалните групи не можат да преживеат.

Во овој контекст, суштински се неколку елементи:[89]

- независност на судството;
- ограничување на парламентарниот имунитет;
- транспарентност на владините акти;
- соработка помеѓу различни национални агенции чие поле на работа е борбата против организираниот криминал;
- соодветен и на високо ниво тренинг за оние кои се борат против организираниот криминал, посебно затоа што криминалците сѐ повеќе употребуваат „софистицирани“ и специјализирани техники.

На пример, во претходните години организаторите на организираниот криминал и терористичките групи употребуваа „чисти пари“, кога парите претходно беа испрани низ разни легални или квази-легални активности, како што се бизнисите, невладините организации, хуманитарните организации, итн. Националните влади предложуваат закони за справување со проблемите поврзани со перење на пари и претставниците задолжени за спроведување на законот се обучени да се борат со криминалот. Но, криминалците и терористите често пати употребуваат чисти пари, затоа претставниците на законот би требало да се

[89] МВР. (2016) *Регионална процена на заканите од тешкиот и организираниот криминал,* МВР, Скопје.

обучуваат за пронаоѓање на терористичката вклученост и во легалните активности.

### *3.7. Начини за спречување на организиран криминал*

Согласно сите наведени препораки од страна на МВР присутни се неколку начини за спречување на организираниот криминал во Република Северна Македонија и земјите од Западен Балкан. Примарно, неопходно е да се најде основата на организираниот криминал и имајќи ја истата во предвид да се најде превентивно решение по пат на соработка со жртвите (на пример, обезбедување на право на азил на мигрантите) и по пат на унапредување на санкциите бидејќи колку се поголеми казните, сторителите потешко може да се одлучат за сторување на кривично дело кое спаѓа во групата на организиран криминал.

Слабост на системите во земјите од Западен Балкан е тоа што организираниот криминал е присутен и често доаѓа во голем обем под дејство на надворешни фактори, а безбедносниот систем во овие земји е во развој поради што ненавремено разузнавање и ненавремено барање на безбедносна помош од големите сили може општеството да го донесе под сериозна безбедносна закана. Тоа значи дека Република Северна Македонија и другите земји од Западен Балкан доцнат со безбедносниот развој поради што е зависна од соседните земји и големите сили, додека земјите од ЕУ, како Словенија располагаат со безбедносни системи на високо информатичко и разузнавачко ниво поради што и самостојно можат да одговорат на безбедносни закани.

Добриот пристап од друга страна се должи на меѓуресорската соработка и брзата координација со што Северна Македонија негува добри односи со земјите од Западен Балкан и другите земји од ЕУ, како и со САД поради што безбедносните закани може успешно да ги премина со помош на големите сили. Безбедноснисте служби не настојуваат самостојно да се справат со проблемите од организираниот криминал ако се свесни дека во тоа не се умешни кога станува збор за некој нов облик, на пример проблемот со криумчарењето.

Согласно тоа, особено значајно е овозможување на меѓународна соработка помеѓу државите, а во поглед на организираниот криминал. Со меѓународно информирање и помагање сторителите полесно би биле прогонувани, а стапката на организиран криминал помала.

### *3.8. Стратешки пристап во борбата со транснационалниот организиран криминал*

#### *Стратегија на политички и институционални иновации*

Милошевска констатира дека во денешното безбедносно опкружување зголемената потреба од служби за разузнавање што ќе ги набљудуваат транснационалните прашања од домашен аспект бара да се даде акцент на соработката со другите национални безбедносни сили. При тоа, во повеќето демократии, службите за разузнавање имаат ограничени овластувања во откривањето, запленувањето и во набљудувањето на комуникациите, а од таа причина создадена е потребата да се соработува со други безбедносни сили на ниво на власта како на пример, да се соработува со полициските, воените, жандермерските и воено-полициските сили, националната полиција, граничната полиција и царинските агенции.[90] Од друга страна, мултилатеризмот овозможува база за градење на заеднички нормативни рамки, програми за дејствување, иницијативи и одговорност кои заедно може да обезбедат совршени услови за координирана имплементација на безбедносните цели.

Наспроти оваа реална потреба, искуството говори дека многу често клучните актери не се доволно координирани и затоа има виден неуспех во обидот да се сузбие транснационалниот организиран криминал. Неуспехот говори и за бројни обиди и безбедносни пристапи кои не дале видни резултати, а од друга страна повлекле имплементативни и координаторски трошоци. Согласно тоа, има јасна

---

[90] Милошевска,Т. (2014). *Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал,* Филозофски факултет:Скопје, стр.172-180

потреба од имплементирање на поамбициозен пристап кој би се основал на зголемена поврзаност и холистичка стратегија.

Земјите од Западен Балкан можат да покажат успех во нивното работење доколку ООН придонесат за координација на стратегиите на државите од Западен Балкан како и да придонесат во активностите на размена на информации меѓу постојните агенции од регионот, па така, да се реализираат програми за борба со транснационалниот организиран криминал кој го прават транснационални криминални групи и мрежи.

***Стратегија за одвраќање***

Одвраќањето како стратегија е ефикасно кога се спроведува на ниво на држава во насока на контра-криминалот, но не покажува голем успех ако се применува заедно со влади од другите земји од Балканот кои немаат моќ да применат контрола врз нивната територија. Ако се унапреди соработката помеѓу државите и ако тие пред се воспостават поголема контрола секој во својата држава оваа стратегија за одвраќање може да покаже резултат во борбата против организираниот криминал во земјите од Западен Балкан.

***Стратегија за разубедување***

Разубедувањето како стратегија има за цел да поттикне контра-криминал преку наведување на морални аргументи во безбедносниот сектор убедувајќи дека криминалот не е само на штета на државата туку е и основа за уште поголеми криминално-терористички напади врз државата доколку се продолжи со криминално дејствие. На пример, терористичките напади во некои земји влијаеа заплашувачки за да земјите од Западниот Балкан воспостават мерки за зголемување на безбедноста што од друга страна влијаеше на намалување на криминалната стапка во државите, а од друга страна пак ја зголеми безбедносната доверба меѓу земјите од Балканот и поради тоа развија безбедносни системи за меѓусебно информирање и брзо известување.

***Стратегија за одрекување***

Милошевска објаснува дека во врска со криминалот и потенцијалниот тероризам, одрекувањето како стратегија претставува ситуација на замка. Иако важноста од блокирање на криминалните можности е важна и во контекст на антикриминалот и на контратероризмот, способноста да се идентификуваат злосторствата што се од интерес на криминалните и на терористичките мрежи обезбедува непроценлива разузнавачка алатка.[91]

***Стратегија за дипломатија***

Дипломатијата како стратегија е полесно да се примени во сопствени држави отколку како стратегија за соработка, но некогаш тоа е неопходно со цел да се сочува мирот на земјите од Западен Балкан. Дипломатијата како стратегија предизвикува дијалог меѓу актерите кои имаат интерес да ги намалат можностите за соработка помеѓу криминалните и терористичките мрежи и да собере и дистрибуира разузнавачки информации од или до актерите со способноста за придонесување кон идентификација и нарушување на врските меѓу криминалот и тероризмот. Развојот на оваа стратегија помеѓу земјите од Западен Балкан е од големо значење за безбедноста.

***Холистичка стратегија за одбрана***

Стратегијата за одбрана се перципира како исклучително важна компонента на контра-криминалот и контра-тероризмот во услови кога непријателите не може лесно да се идентификуваат ниту пак да се предвидат нивните крајни цели. Земјите од Западен Балкан треба да развијат здружена стратегија за одбрана (вклучување на одбранбени операции) насочена против криминалните групи и терористичките групи.

[91] Милошевска,Т. (2014). *Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал,* Филозофски факултет:Скопје, стр.172-180

Согласно наведените стратегии, во борбата против организираниот криминал во земјите од Западен Балкан системите на националната безбедност треба да се променат во две насоки:

1) Во насока на значајно ширење на безбедносните активности надвор од полето на традиционалните органи за безбедност и
2) Во насока на потребата за целосно отворање на системите кон странските безбедносни системи, преку создавање наднационални безбедносни структури, многу поцврсто поврзани од класичните коалиции или воено-политички сојузи.

## *Заклучок*

Во структурата на магистерскиот труд се истражени механизмите на соработка на земјите од Западен Балкан во функција на ефикасно справување со организираниот криминал. При тоа, со истражувањето се дојде до неколку значајни резултати, заклучни согледувања.

**<u>Резултат 1.</u>** Земјите од Западен Балкан се изложени на перманентни закани. Овие закани како безбедносен проблем адаптираат на општествените промени и постојано еволуираат продуцирајќи нови аспекти на дејствување и нови форми и облици на манифестирање. Оттука, од безбедносните системи се бара поголемо внимание и фокусираност во насока на справување со предизвиците од безбедносен карактер. Предизвиците со кои се соочуваат државите имаат потенцијал да навлезат во сите пори на општественото живеење и како такви да предизвикаат несогледливи последици особено во остварувањето на човековите права, безбедноста, демократијата, владеење на правото итн.

**<u>Резултат 2.</u>** Во најголем број случаи активностите на безбедносните системи ги преминуваат државните граници со што нивниот пристап бара одреден вид на соработка, затоа што заканите прераснуваат во транснационални. Во таа насока не се доволни само индивидуалните заложби на државите за борба против сите облици на закани, туку се јавува потребата од заеднички и сеопфатен пристап на билатерално, регионално и глобално ниво.

**<u>Резултат 3.</u>** Балканот како регион во многу наврати се покажал како плодна почва за дејствување на разни форми на закани од тероризмот, до организираните криминални групи кои неретко меѓусебно соработуваат не познавајќи јазични и етнички бариери. Во таа насока во справувањето со заканите од организираниот криминал од големо значење ќе биде регионалната соработка, особено соработката на безбедносен план на државите од Балканот.

**<u>Резултат 4.</u>** Организираниот криминал теориски и статистички се докажа како опасна безбедносна појава во општествата ширум светот. Овој вид на криминал директно ги засега како големите земји, така и земјите во транзиција.

Компарирано со другите видови на криминал, организираниот криминал опфаќа стратешки планови во кои се вклучени групи, некогаш и сериозни институции. Големите земји имаат развиено сериозни системи за превенција и сузбивање на организираниот криминал, но во овие земји е голем ризикот за појава и развој на овој вид на криминал поради густото население, големите економски предизвици и уште поголемиот број на криминални профили низ државите. Малите земји во развој како што е случајот со Р.Северна Македонија и земјите од Западен Балкан, имаат помал ризик од организиран криминал, но често со него тешко се соочуваат поради недоволно развиените системи за превенција и сузбивање на организираниот криминал.

**Резултат 5.** Истражувајќи го организираниот криминал во постојниот магистерски труд, се дојде до општиот резултат дека организираниот криминал оддава негативни ефекти врз општата безбедност во Република Северна Македонија и земјите од Западен Балкан. Потоа, се дојде до конкретните резултати според кои организираниот криминал е во пораст, истиот тешко се разузнава и воопшто, тешко се влегува во неговата трага бидејќи често е основан на долготрајни планови во кои учество имаат поголем број на луѓе/институции.

**Резултат 6.** Организираниот криминал во Р.Северна Македонија и земјите од Западен Балкан се разгледува како национална безбедносна закана и во новите демократски држави како сериозен предизвик и закана за демократијата. Организираниот криминал претставува закана за непречено и целосно функционирање на демократијата за сите држави во светот, посебно изразено за земјите во развој и за сите посткомунистички земји во транзиција. Активностите на организираниот криминал можат да ја попречат и маргинализираат демократијата, да го парализираат функционирањето на легалните институции на власта, економски да ја исцрпат земјата, а со тоа да ја доведат во прашање независноста и суверенитетот на државата. Авторот констатира дека поголемите нарушувања и загрозувања на внатрешната безбедност на државата во определени ситуации може да значи и губење на нејзината самостојност и сувереност.

**Резултат 7.** Следењето на трендот на динамиката во земјите од Западен Балкан е од големо значење со цел идно создавање на стратешки програми за соочување со криминалот, односно за имплементирање на стратешките политики за успешно превенирање и елиминирање на организираниот криминал во Република Северна Македонија, кој видно се зголемува особено поради новите кривични дела кои се појавија, како што е на пример случајот со нелегалното пренесување на мигрантите, односно делото криумчарење на мигранти на територијата на Република Северна Македонија и земјите од Западен Балкан.

**Резултат 8.** Македонското општество и општествата од земјите од Западен Балкан во последните десетина години особено е засегнато од неколку облици на организиран криминал, корупција, наркотици, проституција, трговија со луѓе, перење на пари, пренесување на мигранти и криминални дела поврзани со оружје.

**Резултат 9.** Секое од наведените дела оддава последици карактеристични за делото, додека на општо ниво секое од овие дела влијае на безбедноста на граѓаните како оштетени при кривичните дела на територијата на Република Северна Македонија и земјите од Западен Балкан. Заедничко за сите кривични дела е тоа што се организирани, односно, станува збор за кривични дела кои спаѓаат во групата кривични дела организиран криминал зад кој стојат институции, криминални групи и стратешки криминални планови.

**Резултат 10.** Токму поради основата на криминалната организираност, овие облици на организиран криминал е сложено и динамично да се откријат, сузбијат и да се обезбеди соодветна заштита за граѓаните на државата кои колку е поголема стапката на криминал, толку повеќе се застрашени дека живеат во општество коешто не е безбедно во својата структура.

## *Користена литература*


1. Alan, W. (2006). *Organised Crime*. Willan Publishing, Cullompton, Devon and Portland:OR.
2. BIH Vijece Ministra (2014), Strategija za borbu protiv organiziranog kriminala u Bosnu i Hercegovinu (2014-2016), Sarajevo.
3. CID. (2010). Criminal Investigation Department (CID), достапно на: athttp://www.rcips.ky/portal/page/portal/polhome/theorganisation/specialist/criminalinvestigationdepartment (22.06.2019)
4. Council of Europe Organised crime situation report.(2005) "Focus on the threat of economic crime" достапно на: http://www.stoppiratkopiering.dk/media/80733/rp.pdf (20.06.2019)
5. European Convention on the Control of the Acquisition and Possession of Firearms by Individuals).
6. EUROPOL. (2016) "Serious and orginised crime theat assestment" достапно на: https://www.europol.europa.eu/activities-services/main-reports/serious-and-organised-crime-threat-assessment (20.06.2019)
7. Global Initiative against Transnational Organized Crime. (2017), Crooked Kaleidoscope Organized Crime in the Balkans, p.10
8. Hislope,R. (2006). "Corrupt Exchange in Divided Societies: The Invisible Politics of Stability in Macedonia", Department of Political Science, Union College, Paper prepared for the Southern Political Science Association 77th Annual Conference, January 5-7, p.31.
9. Jovana Carapic and Remo Grassman (2018), Strengthening resistance in the Western Balkans: Mapping outreach and assistance for small arms and light weapons control, Federal Ministry of Defence, Republic of Austria, 12-13.
10. McKinsey, К. (1999) "Yugoslavia: NATO, US Pledge to Uphold Stability in Macedonia", Radio Free Europe/Radio Liberty, April 19.
11. Milosevič,G. (2005). *Uzroci i pojavni oblici sive ekonomije u Srbiji,* Organizovani kriminalitet-stanje i mere zaštite: Beograd.

12. Moustakis,F. (2004). "Soft Security Threats in the New Europe: The Case of the Balkan Region", European Security, Taylor & Francis, 2004. pp. 149-150.
13. Paoli,L. (2002). “The paradoxes of organized crime”, Crime, Law and Social Change, Vol. 37, No.1,pp.51-97
14. Petkan, I. (2003) "Corruption, Contraband and Institutional Reform", PARI daily, 3 February.
15. Rothstein,R. (2014). *Criminal justice policy,* Economic Policy Institute, Washington.
16. The London Times. (1999). "Albanian Drug Barons Find Their Way Around the War", The Guardian, London, November 1, 1994; "Kosovo is Mafia's heroin gateway to West", The London Times, July 24.
17. U4 Експертски одговор (2008). Организиран криминал и корупција. Transparency International.
18. United Nations Development Programe (2000). United Nations Development Programme, "Early Warning Report", Report No.2, November.
19. United Nations Office on Drugs and Crime, Drug money: the illicit proceeds of opiates trafficked on the Balkan route, 2015, достапно на: https://www.unodc.org/documents /islamicrepublicofiran/ /publications/sp1/Drug_Money_-_the_illicit_proceeds_of_opiates_trafficked_-_Balkan_route.pdf.
20. United States Department of State, International narcotics control Strategy Report: drug and chemical control, Volume 1, Март 2018, достапно на: https://www.state.gov/documents/organization/278759.pdf
21. UNODC. (2015), Drug Money: the illicit proceeds of opiates trafficked on the Balkan route,
22. Арнаудовски, Љ. (2000). *Организиран криминалитет - феномен на денешницата,* МРКПК: Скопје.
23. Бакрески, О. (2008). *Контрола на безбедносниот сектор,* Филозофски факултет:Скопје.ж
24. Бакрески,О. (2003) *Контрола на безбедносниот сектор,* Филозофски факултет,Скопје.

25. Влада на РМ. (2019) “Борбата против организираниот криминал бара соработка помеѓу државите”, достапно на: https://vlada.mk/node/8837?ln=mk (29.09.2019)
26. Габеров, М. (2012). *Транснационален организиран криминалитет-трендови и случувања*. Европски универзитет – Факултет за правни науки: Скопје.
27. Закон за оружјето, ,,Службен весник на Република Македонија,, број 7/2005, 47/2006, 42/2007, 86/2008, 72/10, 158/11, 119/13 и 164/13 достапен на: http://www.mvr.gov.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=243
28. Закон за спречување на перење пари (Службен весник на Р. Македонија,бр.70/01)
29. Klaus,L. (2013), ,,The Concept of Organized Crime in Historical Perspective”, достапно на: http://people.freenet.de/kvlampe (12.07.2019)
30. Кајзер,В. (1996). *Криминологија*. Факултет за безбедност:Скопје.
31. Камбовски, В. (1996).*Правна држава и организиран криминал*. Правен факултет: Скопје.
32. Камбовски, В. (2005). *Организиран криминал*. 2-ри Август:Скопје
33. Котовчевски, М. (2007). *Организираниот криминал-најсериозна закана за националната безбедност на Република Македонија и за нејзините евроатлански интеграции.* Министерство за одбрана на Република Македонија: Скопје.
34. Котовчевски, М. (2008), Облици на криминално дејствување на транснационалниот организиран криминал, во Зборник на трудови, *Глобализација, мирот и безбедноста*, Министерство за одбрана и Филозофски факултет, Скопје.
35. МВР. (2014) “Извештај за типични дела на корупција”, достапно на: http://www.mvr.gov.mk/ShowAnnouncements. spx?ItemID=13223&mid=1094&tabId=201&tabindex=0
36. МВР. (2016) *Регионална процена на заканите од тешкиот и организираниот криминал,* МВР, Скопје.
37. Меѓународна организација за миграции. (2014), Трговија со луѓе во Западен Балкан, стр.65-70

38. Милошевска,Т. (2014). *Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал,* Филозофски факултет:Скопје.
39. Милутиновиќ, М. (1967). *Криминологија*. Београд издање:Београд.
40. Министерство за труд и социјална политика. (2014) Индикатори за идентификација на жртви на трговија со луѓе. МТС:Скопје.
41. Николовски,М. (2008). *Поврзаноста и влијанието на организираниот криминал, тероризмот и политиката*. Факултет за безбедност:Скопје.
42. Николоска. С. (2007). *Криминалистичките карактеристики на економско - финансискиот, компјутерскиот криминал и криминалот поврзан со перење пари*. Факултет за безбедност:Скопје
43. СЕЛДИ. (2014). Регионална мрежа за антикорупција Archives – IDSCS. Достапно на:http://idscs.org.mk/mk/2017/08/21/%D0%B0%D0%BD%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%BE%D1%80%D1%83%D0%BF%D1%86%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B1%D0%B8%D0%BB%D1%82%D0%B5%D0%BD-%D0%B1%D1%80-36-%D0%B7%D0%B0-%D0%B0%D0%BA%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%BE%D1%81/ (19.07.2019)
44. Сл.весник на Р. Северна Македонија, Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам 120/18
45. Стајич, Љ. (2003). *Основи безбедности,* Полициска академија:Београд.
46. Хислоп, Р. (2002).*Затишје пред бура*. ФИООМ:Скопје.
47. Центар на УН за спречување меѓународен криминал. (2019) "Организиран криминал и корупција", достапно на: http://www.uncjin.org/CICP/cicp.htm (22.07.2019)